# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО



Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за цивилно воздухопловство
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 02-644/2
16-05-2024 год.-viti
Скопје-Shkup

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ ЗА 2024 ГОДИНА

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО
ВОЗДУХОПЛОВСТВО

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОКУМЕНТОТ

<table>
<tr><td colspan="4">Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за 2024 година</td></tr>
<tr><td colspan="3">Врска:</td><td>Член 13 став (1) од Законот за воздухопловство</td></tr>
<tr><td colspan="2">Идентификатор на документот</td><td>Важност за:</td><td>2024 година</td></tr>
<tr><td colspan="2">Годишна програма за работа и развој на АЦВ за 2024 година</td><td>Датум на издавање:</td><td>мај 2024</td></tr>
<tr><td colspan="2">Лице за контакт<br>д-р Томислав Тунтев</td><td>тел. 02 / 3114 – 773</td><td>Директор</td></tr>
<tr><td colspan="2">Статус</td><td colspan="2">Намена</td></tr>
<tr><td>Работен драфт</td><td>☐</td><td>Општа и јавна</td><td>☒</td></tr>
<tr><td>Драфт</td><td>☐</td><td>АЦВ интерна</td><td>☐</td></tr>
<tr><td>Предлог за издавање</td><td>☐</td><td>Ограничена</td><td>☐</td></tr>
<tr><td>Финално издание</td><td>☒</td><td>Верзија</td><td>1</td></tr>
<tr><td>Документот доставен преку:</td><td colspan="3">Архива на Собрание на Република Северна Македонија</td></tr>
<tr><td>Изработил:</td><td colspan="3">Работна група формирана со Решение на Директорот архивски број 02 – 1288/2 од 17.10.2023 година</td></tr>
<tr><td>Предлагач:</td><td colspan="3">д-р Томислав Тунтев, директор</td></tr>
</table>

**СОДРЖИНА**


I. ВОВЕД ....................7
II. СТРАТЕШКА РАМКА НА АЦВ ЗА 2024 ГОДИНА .................... 8
(МИСИЈА, ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА АГЕНЦИЈАТА) .................... 8
1. Мисија ....................8
2. Визија....................8
3. Стратешки цели ....................9
4. Потребни предуслови ....................9
III. ПЛАН ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ВО 2024 ГОДИНА....................10
1. Проект за поддршка на државите на EUROCONTROL .................... 10
2. Проект IPA-6 во соработка со EASA .................... 11
3. Проект: VFR night – летање по визуелни правила дење и ноќе .................... 11
4. Проект за стручна надградба на кадри со стипендии на Сингапурската академија за воздухопловство 12
5. Проект за стручна соработка во соработка со француските воздухопловни власти .................... 12
6. Проект "One Stop Security" во соработка со ECAC.................... 12
7. Проект: Софтверски пакет CORPORATE DOCUMENT RESPOSITORY .................... 12
8. Twinning Light проект„Поддршка за развој на капацитетот на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија во обласа на безбедноста и обезбедувањето во воздухопловството" 13
9. Проект:TAIEX работилница за повеќе земји за влијанието на спроведувањето на условите на ICAO за познавање јазик врз воздухопловната безбедност .................... 14
10. Проект:Промоција на права на патници со аутизам-"Autisam friendly air transport" .................... 14
11.Проект:Реализација на информативна кампања за новите правила за воздухоплови без екипаж .................... 15
12.Проект: Унапредување на капацитетот на АЦВ и промоција на заштита на правата на патниците во воздушниот сообраќај .................... 15
13. Проект „Кампања за поттикнување на девојчињата и младите жени за вклучување во воздухопловството" . "Lady Captain" .................... 16
IV. РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ПЛАНИРАНИ ЗА 2024 ГОДИНА .................... 16
V. ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР .................... 16
VI. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ДИРЕКТОРОТ ....................17
6.1 Советник за обука и стручно усовршување ....................17
6.2 Инспектори за контрола на квалитетот и безбедноста во воздушниот сообраќај .................... 19
6.2.1.Активности поврзани со внатрешната контрола на безбедност и обезбедувањето .................... 20
6.3 Советник– асистент за административни работи ....................21
6.4 Советник за протокол и односи со јавност ....................22
VII. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО ....................22
VIII. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ ....................24
IX. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ РАБОТИ .................... 29
9.1 Одделение за материјално-финансиско работење ....................29
9.2 Одделение за економски надзор, план и развој ....................31
X. СЕКТОР ЗА ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ ....................33
10.1. Активности од областа на летачка оператива ....................33
10.2 АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ПЛОВИДБЕНОСТ И РЕГИСТАР....................36
*10.2.1 ПРЕГЛЕДИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛОВИДБЕНОСТА НА ВОЗДУХОПЛОВИ....................36*
*10.2.2 АЖУРИРАЊЕ НА ПРИРАЧНИКОТ СО ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО (ISM – AIRWORTHINESS)....................37*
*10.2.3 ИЗДАВАЊЕ НА ДИРЕКТИВИ ЗА ПЛОВИДБЕНОСТ (OBD)....................37*
*10.2.4 ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ....................38*
*10.2.5 УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОМИСИИ И СЛИЧНО....................39*
*10.2.6 ИНТЕРНИ ОБУКИ ЗА КАДРОВСКО ДОЕКИПИРАЊЕ СО СТРУЧЕН КАДАР ....................39*
*10.2.7 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТИ....................39*
10.3 АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА ДОЗВОЛИ И УВЕРЕНИЈА ....................39
*10.3.1 ТЕСТИРАЊЕ ЗА ДОЗВОЛИ И УВЕРЕНИЈА ....................39*

*10.3.2 ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДОЗВОЛИ И УВЕРЕНИЈА ........ 40*
*10.3.3 ПОСТАПКИ ЗА ДОЗВОЛИ И УВЕРЕНИЈА ........ 40*
*10.3.4 УНАПРЕДУВАЊЕ – НОВИ ПРОЦЕСИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТО...... 41*
*10.3.5 РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНЦИИ И ПРАКТИЧНИ ЗНАЕЊА ........ 42*
*10.3.5.1 Развој на индивидуални компетенции и практични знаења на раководните/одговорни лица на центрите за обука за Ултра-лесни воздухоплови, Параглајдери, Падобранци: ........ 42*
*10.3.5.2 Развој на компетенции и практични знаења на вработените во ОДУ: ........ 42*
*10.4 ОТСЕК ЗА ВОЗДУХОПЛОВНА МЕДИЦИНА ........ 42*
*10.4.1 РАБОТНИ ПРОЦЕСИ НА ОТСЕКОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНА МЕДИЦИНА ВО ТЕКОТ НА 2024г... 42*
***10.4.2 CAPSCA** ........ 44*
**XI. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ РАБОТИ ........ 44**
11.1 ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЧЛЕНСТВОТО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И РАТИФИКУВАНИ КОНВЕНЦИИ И МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ ........ 44
11.2 МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ ........ 45
11.3 ОДОБРУВАЊЕ НА ЛЕТОВИ ........ 46
11.4 ИЗГОТВУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ И ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО – ТРАНСПОНИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ВОЗДУХОПЛОВНИ СТАНДАРДИ ........ 47
11.5 ЗАШТИТА НА ПРАВА НА ПАТНИЦИ ........ 48
11.6 ПРЕВОДИ, РЕВИЗИИ И КОРЕСПОДЕНЦИЈА ........ 49
**XII. СЕКТОР ЗА АЕРОДРОМИ И ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА ........ 49**
12.1 СЕРТИФИКАЦИЈА НА АЕРОДРОМИ, ЛЕТАЛИШТА И ТЕРЕНИ ........ 49
12.2 ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ГРАДЕЖНА ИНФРАСТРУКТУРА НА АЕРОДРОМИ, ЛЕТАЛИШТА И ТЕРЕНИ ........ 49
12.3 РЕГИСТРАЦИЈА НА АЕРОДРОМИ И ЛЕТАЛИШТА И ЕВИДЕНЦИЈА НА ТЕРЕНИ ........ 50
12.4 ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТИ СО УСЛОВИ ЗА ГРАДБА НА ОБЈЕКТИ И ПЛАНОВИ ОД АСПЕКТ НА БЕЗБЕДНОСТ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ........ 50
12.5 Е – УРБАНИЗАМ ........ 50
12.6 НАДЗОР НА ПРЕПРЕКИ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО ........ 51
12.7 АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ ........ 51
*12.7.1 Одобрување на аеродромски услуги и одобрување на организација/центар за обука ... 51*
*12.7.2 Инспекциски надзори на аеродромски служби и услуги ........ 52*
12.8 ДРУГИ АКТИВНОСТИ ........ 52
12.9 УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОМИСИИ И СЛИЧНО ........ 53
12.10 АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА ........ 53
12.11 АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ПОТРАГА И СПАСУВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ И НАСТАНИ ........ 55
*12.11.1 Активности поврзани со припремата за имплементација на новиот Закон за воздухопловство ........ 56*
*12.11.2 Активности поврзани со функционирање на системот за потрага и спасување ........ 56*
12.12 ВО ДЕЛОТ НА ВЕЖБОВНИ АКТИВНОСТИ СЕ ПЛАНИРААТ: ........ 56
12.13 ПОДГОТОВКА И УСОГЛАСУВАЊЕ НА СИТЕ ДОКУМЕНТИ, ПРОЦЕДУРИ, ФОРМУЛАРИ, ЛИСТИ И УПАТСТВА СОГЛАСНО ИНТЕГРИРАНИОТ ПРИРАЧНИК ЗА КВАЛИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА ........ 56
12.14 АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО „УРЕДБАТА ЗА ПРИНЦИПИТЕ ПО КОИ СЕ ВОДИ ИСТРАЖУВАЊЕТО НА НЕСРЕЌИ, СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ, ИНЦИДЕНТИ И НАСТАНИ НА ЦИВИЛНИ И ДРЖАВНИ ВОЗДУХОПЛОВИ, НАЧИНОТ НА НИВНОТО ПРИЈАВУВАЊЕ, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕТО И ОДЗЕМАЊЕТО НА СЛУЖБЕНАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА НА ИСТРАЖИТЕЛИТЕ " СЛ.ВЕСНИК НА РСМ 67/2023 ........ 56
12.15 ECCAIRS- EUROPEAN COORDINATION CENTRE FOR ACCIDENT AND INCIDENT REPORTING SYSTEMS ........ 57
12.16 АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ПРИЈАВУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНИ НАСТАНИ ........ 57
12.17 УЧЕСТВО ВО ТВИНИНГ ПРОГРАМАТА КОЈ СЕ РЕАЛИЗИРА СО ПОМОШ НА ХРВАТСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ВО ДЕЛОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА НАСТАНИ ВО ЦИВИЛНОТО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ........ 57
ПРИЛОГ БРОЈ 1 – ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ........ 59

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

**Попис и објаснување на кратенки кои ќе бидат користени во Извештајот:**

| | |
|---|---|
| ICAO | International Civil Aviation Organisation / Меѓународна организација за цивилно воздухопловство |
| ECAC | European Civil Aviation Conference / Европска конференција за цивилно воздухопловство |
| EUROCONTROL | European Organisation for the safety of Air Navigation / Европска организација за безбедност на воздушната навигација |
| JAA | Joint Aviation Autorities / Заеднички воздухопловни власти |
| EASA | European Aviation Safety Agency / Европска агенција за воздухопловна безбедност |
| TAIEX | Technical Assistance and Information Exchange instrument of the European Commission / Инструмент на Европската комисија за Техничка помош и размена на информации |
| EFOD | Electronic Filing of Differences / Електронски систем за објавување на разлики помеѓу националното законодаство и стандардите на ICAO |
| EUR/ NAT | European and North Atlantic / Европа и северен Атлантик |
| SAR | Search and Rescue / Потрага и спасување |
| ATM | Air Traffic Management / Управување со воздушниот сообраќај |
| SAFA | Safety Assessment of Foreign Aircraft / Процена на безбедноста на странски воздухоплов |
| CORSIA | Carbon Offsetting and Reduction Scheme for International Aviation / Програма за неутрализација и намалување на емисија на јаглерод за меѓународното воздухопловство |
| AWAOC | Aerial Work Air Operation Certificate / Уверението за вршење на специјализирани услуги со воздухоплов |
| PPL | Private Pilot License / Дозвола за приватен пилот |
| ANSP | Air Navigation Service Provider / Давател на услуги на воздухопловната навигација |
| MET | Aviation Meteorology / Воздухопловна метеорологија |
| AIS | Aeronautical Information Service / Услуги за воздухопловни информации |
| ATCO | Air Traffic Control Officer / Контролор на летање |
| FD | Flight data / Податоци за лет |
| FLOW | Проток на воздушен сообраќај |
| RCO | Rescue Coordination Office / Оддел за координација на спасување |
| CNS | Communication, Navigation and Surveillance / Комуникација, навигација и надзор |
| ANS | Air Navigation Services / Услуги на воздухопловната навигација |
| USOAP | Universal Safety Oversight Audit Programme / Универзална програма за ревизија на надзорот врз безбедноста |
| ECAM | European Congress of Aerospace Medicine / Европски конгрес за воздухопловна медицина |
| AME | Authorized Medical Examiner / Овластен лекар за процена на здравствената способност |
| AMC | Aero Medical Center / Воздухопловно–медицински центар |

| | |
|---|---|
| MEG | Medical Expert Group Forum / Форум на групата на здравствени стручњаци |
| CMO | Chief Medical Officer / Шеф на медицина |
| ESAM | European Society of Aerospace Medicine / Европско здружение за воздухопловна медицина |
| MSAM | Macedonian Society of Aerospace Medicine / Македонско здружение за воздухопловна медицина |
| CAPSCA | Collaborative Arrangement for the Prevention and Management of Public Health Events in Civil Aviation / Систем за координација на меѓународниот воздухопловен одговор на јавноста за ризиците по здравјето |
| MoU | Memorandum of Understanding / Меморандум за разбирање |
| RASARAC | Regional Aeronautical Search and Rescue Advisory Committee / Регионален комитет за воздухопловна потрага и спасување |
| ECCAIRS | European Co – ordination Centre for Accident and Incident Reporting Systems / Европски координативен центар на системите за пријавување на несреќи и инциденти |
| CRCO | Central Route Charges Office / Централана управа за надоместоци за прелети |
| ETNA | Extranet to National Administrations / Екстранет за националните администрации |

# II. СТРАТЕШКА РАМКА НА АЦВ ЗА 2024 ГОДИНА (МИСИЈА, ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА АГЕНЦИЈАТА)

Годишната програма за работа и развој ги утврдува основните цели и активности на АЦВ во 2024 година, во согласност со законите и статутот на Агенцијата. Основа за годишно деловно планирање е стратешката рамка за работа и развој на Агенцијата во наредниот период. Стратешката рамка произлегува од надлежноста на Агенцијата да ги извршува задачите утврдени со законите и прописите донесени согласно релевантните регулативи на РСМ, ИКАО и ЕУ. Стратешката рамка ги дефинира мисијата, визијата и стратешките цели на АЦВ. Со стратешката рамка се одредуваат општите цели, стратешките цели и основните активности на Агенцијата, кои во најголем можен степен придонесуваат за исполнување на мисијата и визијата на Агенцијата, применувајќи ги основните одредници на стратегиите.

## 1. Мисија

Со цел да се обезбеди безбедност, и права на сите учесници во цивилното воздухопловство и на општеството како целина, во рамките на својата надлежност, на професионален, независен и транспарентен начин, обезбедува спроведување и учество во изготвување на прописи и презема други активности што водат кон подобрување на целокупниот систем, работа со воздухопловните субјекти, националните и меѓународни институции и организации. Врши регулаторната активност (дефинирање и имплементирање на важечките стандарди и препорачани практики, како и надзор над примената на прописите во областа на воздухопловството) со цел обезбедување на безбедно, сигурно, редовно, ефикасно, економски и еколошки одржливо национално цивилно воздухопловство, кое ќе биде во согласност со меѓународните стандарди, хармонизирано и интегрирано со ICAO, ECAC, EUROCONTROL и Европската унија.

## 2. Визија

Агенцијата е призната како суштински и конструктивен елемент во функционирањето и развојот на системите на цивилното воздухопловство на безбеден и одржлив начин. Постигнување на највисоко ниво на квалитет во сите аспекти на функционирање и регулирање на цивилното воздухопловство со цел остварување на безбеден и ефикасен воздушен транспорт целосно интегриран во транспортната мрежа на Европа кој ќе придонесе за одржливиот развој на Република Северна Македонија. Агенцијата се стреми да се изгради во успешна организација која континуирано ќе се усовршува и да ги оптимизира и документира сите процеси, да ги школува вработените кои се учесници во процесите и да ги запознае со своите задачи, овластувања и одговорности.

**3. Стратешки цели**

Воздухопловството е систем кој е меѓусебно зависен од сите учесници, како на меѓународно, така и на национално ниво и сите тие имаат меѓународна одговорност за него. Од Агенцијата се очекува да:

- воспостави систем на внатрешно функционирање, менаџирање и градење на стабилна и ефикасна институција;
- ги постави највисоките безбедносни стандарди во воздушниот транспорт на Република Северна Македонија и да го подигне нивото на безбедност;
- ги постави највисоките сигурносни стандардни за да се намали ризикот и ја осигура мобилноста на граѓаните;
- постигне регулаторна ефикасност и ефективност преку постојан надзор над воздушниот транспорт и следење и преземање на меѓународните стандарди и најдобри практики;
- ги оствари целите преку развој на човечките ресурси односно почетно и постојано школување и обука на своите вработени;
- ги воведе и исполни стандардите за квалитет и негова одржливост;
- ја подобри регионалната соработка;
- учествува и соработува активно со меѓународните воздухопловни организации и ЕУ заради хармонизација на националната воздухопловна легислатива со воздухопловното право на ЕУ и стандардите на ICAO;
- придонесе за одржливиот економски и општествен развој на Република Северна Македонија;
- ги утврди реалните можности за прилагодување кон веќе започнатите процеси за регионализација и формирање на функционален воздушен блок (FAB) во нашето опкружување и градење на стратегија во тој процес и
- ја интензивира соработката со здруженијата и сојузите во рамки на воздухопловството, при изработка на прописи, програми за развој на области во воздухопловство како предуслов за продолжување и развој на воздухопловната традиција во Република Северна Македонија, користејќи ги можностите за аплицирање со проекти во претпристапните фондови на ЕУ.

**4. Потребни предуслови**

За да може Агенцијата да ја изгради позицијата на воздухопловна власт согласно меѓународните стандарди, регулативи и препораки како и согласно Законот за воздухопловство, неопходно е во идниот период да преземе активности со кои ќе се обезбеди:

- интензивирање и јакнење на меѓусебните комуникации и соработка со меѓународните организации од областа на воздухопловството, како и користење на искуствата на земјите членки на Европската Унија;
- интезивирање и јакнење на соработката со Министерството за транспорт и врски надлежно за регулирање и спроведување на работите од областа на цивилното воздухопловство во однос на имплементација на Националната стратегија за развој на воздухопловството и спроведувањето на политиката на Владата на Република Северна Македонија во оваа област;
- интензивирање и јакнење на меѓусебната соработка со авиоиндустријата во земјава и почитување на препораките на ICAO за транспарентност и

недискриминација при утврдување на политиката на цени на дадените услуги врз основа на принципот на развој и пораст на воздушниот сообраќај во целост;
- интензивирање и јакнење на комуникациите со останати учесници во воздушниот сообраќај врз кои Агенцијата за цивилно воздухопловство врши надзор, а кои ја чинат лепезата на воздухопловната традиција во Република Северна Македонија во чие функционирање делуваат и искусни воздухопловни кадри кои можат да дадат свој придонес во целокупниот процес на развој на воздухопловството во целина и
- подготовка, изработка и анализа на сеопфатна студија за состојбите на институциите кои функционираат во реализацијата на воздушниот сообраќај од аспект на нивната рационалност, економичност, стабилност, нивото на капацитетот на вработените и примената на принципите на кои почива Законот за јавна финансиска контрола. Таа анализа треба да ги покаже негативностите и можните ризици, слабостите во организационата поставеност и можностите за рационализација со цел создавање на поефикасен и поекономичен систем на работа.

## III. ПЛАН ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ВО 2024 ГОДИНА

АЦВ и во 2024 година, ќе остане фокусирана на реализација на неколку значајни проекти кои се од витален интерес за функционалноста на институцијата, поддржани и во соработка со европските воздухопловни партнери, а посветени на процесот на едукација на воздухопловниот кадар во земјава.

Согласно предвидените проекции, во 2024 година, покрај редовно предвидените активности во планот за работа и развој на АЦВ, ќе се реализираат и следните концепти:

### 1. Проект за поддршка на државите на EUROCONTROL

Во 2024 година се предвидува континуитет со реализација на Проектот на EUROCONTROL за поддршка на државите (EUROCONTROL Support to States), како резултат на договорот кој Република Северна Македонија го има потпишано со оваа меѓународна организација. Проектот е од голема важност за цивилното воздухопловство во насока на усогласување на правниот систем на Република Северна Македонија со применливата правна рамка за Единственото Европско Небо и зајакнување на капацитетите како на Агенцијата за цивилно воздухопловство, така и на субјектите на воздухопловната индустрија.

Согласно горе наведеното, во текот на 2024 година планирано е да се реализираат:

- Активности за поддршка при имплементација на Регулативите за известување на безбедносни настани, Регулативи (ЕУ) 996/2010, (ЕУ) 376/2014 и (ЕУ) 2015/1018;

- Поддршка и насоки во однос на транспонирање на U-space пакетот на ЕУ Регулативи 2021/664, 2021/665 и 2021/666, односно активности за изготвување на подзаконски акти и прирачник за нивна имплементација;

-Спроведување на активности и давање насоки на давателот на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ, со цел соодветна имплементација на Транзициониот план од PBN планот, во пракса;

- Активности за имплементација на новата верзија на Глобалниот акциски план за превенција од Runway Excursion (GAPPRE);

- Активности за подобрување на функцијата на Cyber безбедноста.

Проектот предвидува и ад-хок активности кои би се дефинирале во меѓусебна соработка на Агенцијата за цивилно воздухопловство и давателот на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ.

**2. Проект IPA-6 во соработка со EASA**

Со посредство на IPA-6 проектот, EASA и во 2024 година, продолжува да ја поддржува интеграцијата на партнерските земји во системот на EU, преку исполнување на нивните меѓународни обврски во областа на безбедноста на воздухопловството и преку поттикнување на нивното знаење за системот за безбедност на воздухопловството на EU.
Проектот е финансиран од Инструментот за претпристапна помош (IPA), со кој EU ги поддржува реформите на „земјите во проширување", преку финансиска и техничка помош. Проектот преставува јасно продолжение на претходните поврзани проекти, со главен фокус на теренската поддршка во областите на Управување со безбедноста. Проектот EASA IPA-6 се базира на резултатите од претходните проекти и продолжува да ги поддржува корисниците на IPA во исполнувањето на нивните меѓународни обврски, преку олеснување на ефективното транспонирање и имплементација на законодавството на EU за воздухопловството и интеграција во системот на EU.

Главната цел е, да се зголеми усогласеноста на корисниците на IPA со законодавството на EU за воздухопловството и конкретно да се зголеми нивната способност за нејзино транспонирање.

Проектот обезбедува поддршка во сите домени на воздухопловна безбедност каде што може да се подобрат можностите за транспонирање и имплементација. Ова се постигнува со обезбедување работилници, обука, поддршка на лице место итн., насочена кон решавање на специфични потреби на земјите и на регионот.

**3. Проект: VFR night – летање по визуелни правила дење и ноќе**

Агенцијата за цивилно воздухопловство со олеснување и помош на генералната авијација го започна овој проект за воведување на визуелни правила за ноќно летање како и изготвување на карти за визуелно ноќно летање, а воедно и ревидирање на визуелните карти за летање дење. Проектот беше генериран од потребата за транспонирање и имплементација на новите ЕУ Регулативи. Во овој проект е вклучена севкупната воздухопловна индустрија, со цел, да бидат опфатени сите засегнати страни и задоволени сите потреби на генералната авијација.

Проектот ќе продолжи со реализација, и во 2024 година. Изготвените визуелни правила за ноќно летање, ќе бидат објавени во Зборникот на воздухопловни информации - AIP.

**4. Проект за стручна надградба на кадри со стипендии на Сингапурската академија за воздухопловство**

Во 2024 год. планирано е да продолжи активната соработка помеѓу Агенцијата за цивилно воздухопловство и Воздухопловната академија на Сингапурските цивилни воздухопловни власти. Во текот на изминатите неколку години во рамките на „Програмата за обука за земји во развој на Сингапур и ИКАО„ и „Програмата за соработка со Сингапур", десетина вработени добија стипендии и имаа можност да ги збогатат своите знаења во оваа реномирана институција.

**5. Проект за стручна соработка во соработка со француските воздухопловни власти**

Во рамките на воспоставената соработка со француските воздухопловни власти, во 2024 година планирано е продолжување на проектните активности од „Програмата за техничка соработка", со која се очекува да бидат доделени нови стипендии, во делот на подигнувањето на стручните компетенции на вработените во АЦВ.

**6. Проект "One Stop Security" во соработка со ECAC**

АЦВ, во 2024 останува посветена на реализација на проектот "One Stop Security", инициран од страна на Агенцијата поврзан со признавање на еднообразноста на безбедносните стандарди и мерки во Република Северна Македонија со оние во Европската унија. Во престојната година, планирани се и подготвителни активност поврзани со претстојниот повторен аудит (follow-up audit) на Меѓународниот Аеродромот Скопје, по првично направениот во 2019 тата година.

**7. Проект: Софтверски пакет CORPORATE DOCUMENT RESPOSITORY**

Имплементацијата на Системот CORPORATE DOCUMENT REPOSITORY, (Систем за електронската архива) овозможува стандардизација и дигитализација на процесот на архивирање на влезно/излезни документи кои во Архивата на компанија, при што се овозможува подобра ефикасност, мониторинг, транспарентност, комуникација, пребарување, категоризација и нотификација на документите.

Истиот има за цел, да го поедностави, олесни и да го уреди начинот и техниката на постапување, при приемот, прегледувањето и распоредувањето на актите, обликот, содржината и начинот на водење на основните и на помошните евиденции, составните делови на актите и нивната административно-техничка обработка, разведувањето, чувањето на архивскиот материјал и т.н.електронската архива е централно место за чување на документацијата која произлегува од компанијата, интерната како и влезната документација.

Системот за електронска архива, го покрива деловодничкото и архивско работење на компанијата и истиот е во согласност со одредбите од Законот за архивски материјали и Уредбата за канцелариско и архивско работење во Македонија.

**8. Twinning Light проект„Поддршка за развој на капацитетот на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија во областа на безбедноста и обезбедувањето во воздухопловството“**

Агенцијата за цивилно воздухопловство во текот на 2023 г. отпочна со реализација на Twinning Light проектот „Поддршка за развој на капацитетот на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија во областа на безбедноста и обезбедувањето во воздухопловството“ во соработка со Хрватската агенција за цивилно воздухопловство. Најголемиот дел од активностите кои се дел на овој проект е планирано да се спроведуваат во првата половина на 2024 г. Главната цел на проектот е да придонесе за подобрувањето на безбедноста и обезбедувањето на цивилното воздухопловство во Северна Македонија во согласност со европската регулаторна рамка. Специфичната цел е да се обезбеди поддршка на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија за изработка и спроведување на националната законска рамка во областа на цивилното воздухопловство преку подобрување на капацитетот за спроведување на надзор во областа на безбедноста и обезбедувањето на цивилното воздухопловство, подобрување на системот за менаџмент и зајакнување на човечкиот капитал во согласност со стандардите и препорачаните практики на ICAO и законските прописи на ЕУ.

Планирано е проектот да опфати активности во областа на воздухопловната навигација, обезбедување во воздухопловството, операциите на беспилотните летала, пријавувањето на настани, системот за менаџмент и САФА инспекциите, кои ќе бидат распределени во следниве три компоненти:

-Развој на политики и законска рамка

-Зајакнување на капацитетот за вршење на надзор на безбедноста и обезбедувањето во областа на воздухопловството

-Унапредување на системот за менаџмент и развој на човечкиот капитал

Во рамките на овие три компоненти ќе бидат ревидирани подзаконските прописи кои се однесуваат на воздухопловна навигација и обезбедување во воздухопловството. Исто така, ќе бидат ревидирани или разработени процедури за работа во областа на воздухопловната навигација, пловидбеноста, пријавувањето на настани, операциите на беспилотните летала и обезбедувањето во воздухопловството. Планирано е да се зајакне функцијата на Агенцијата за цивилно воздухопловство, за вршење внатрешна ревизија во областа на безбедноста, како и да се изработи анализа на потребните квалификации за инспекторите во областа на воздухопловната навигација и обезбедување во воздухопловството. Предвидено е да се подобрат компетенциите на вработените преку обука на работното место и студиски посети во Хрватска, која е земја-членка на ЕУ и каде што се спроведуваат регулативите кои се основа на овој проект.

**9. Проект:TAIEX работилница за повеќе земји за влијанието на спроведувањето на условите на ICAO за познавање јазик врз воздухопловната безбедност**

Целта на оваа работилница е, да им овозможи на учесниците сеопфатно разбирање на одредбите на ЕУ Регулативите поврзани со условите на ICAO за познавање на јазик.

Улогата што ја има познавањето на јазикот во воздухопловството е директно поврзана со безбедноста на воздухопловството. Неправилната употреба на стандардизирани фразеологии, недостатокот на познавање на обичен јазик и употребата на повеќе од еден јазик во ист воздушен простор се идентификувани како фактори што придонесуваат за воздухопловните несреќи и инциденти. Затоа, ефективното спроведување на Стандардите и препорачаните практики на ICAO, кои се однесуваат на условите за познавање јазик треба да биде приоритет на воздухопловната заедница на национално и меѓународно ниво.

Работилницата ќе ја нагласи важноста на придржувањето кон условите за познавање на јазик во насока на гарантирање на безбедноста во областа на воздухоплотвото. Преку интерактивни сесии и случај студии, учесниците ќе добијат вредни сознанија за предизвиците и стратегиите за исполнување на условите на ICAO за познавање јазик и нивното влијание врз безбедноста во воздухопловството.

**10. Проект:Промоција на права на патници со аутизам-"Autisam friendly air transport"**

Агенцијата како општествено одговорна регулаторна власт, планира да организира кампања за инклузивност на лицата со аутизам или други невролошки проблеми со цел, да се создадат поповолни услови за да можат и тие непречено да го користат воздушниот превоз и покрај нивните специфични потреби. Овој проект опфаќа неколку активности кои имаат за цел, да се олесни престојот на лицата со аутизам како на аеродромот, така и во воздухопловот, преку обезбедување на приоритет во чекирање и влегување во воздухопловот, придружба од лица кои се обучени да постапуваат со лица со посебни потреби поврзани со аутистичниот спектар, понатаму, обезбедување на реквизити со кои ќе се задржува вниманието на лицата и антифони слушалки со кои овие лица ќе се заштитат од звучните дразби на аеродромот или во воздухопловот.

Дополнително, во зависност од можностите за изведување на градежни и занаетчиски работи, за што треба да се добие согласност од ТАВ Македонија, во рамките на овој проект се планира да се обезбеди и сензорна соба за аеродромот во Скопје.

Подетално, планирано е проектот да ги опфати следниве активности:

- Измена на внатрешните процедури на ТАВ Аеродромот во насока на давање на помош и поддршка на патиците со аутизам;
- Обука на вработени лица во ТАВ Аеродромот во насока на давање помош и поддршка на лицата со аутизам;
- Набавка на антифони слушалки и реквизити/играчки со цел, задоволување на потребите на лицата со аутизам за време на чекањето на аеродром и за време на летањето;
- Опремување на детските катчиња во делот за чекање на аеродромот за реквизити и играчки кои се наменети за лицата со аутизам, како и просторија

со сензорни реквизити т.н сензорна соба, кои ќе послужат за одмор и рекреација на лицата со аутизам и

- Информативна промотивна кампања преку постери, флаери, брошури, рекламна кампања на социјалните медиуми, се со цел запознавање на јавноста дека аеродромот е прилагоден да одговори на потребите на лицата со аутизам.

Активностите од овој проект се утврдени во координација со операторот на аеродромите - ТАВ Македонија, здруженијата на лица со аутизам, како и со специјалните училишта за лицата со посебни потреби. На овој начин, ќе се овозможи создавање на услови за оваа категорија на патници да се охрабрат да патуваат по воздушен пат како едно уникатно искуство.

**11.Проект:Реализација на информативна кампања за новите правила за воздухоплови без екипаж**

Имајќи го во предвид планот на АЦВ за воведување на ЕУ регулативите за воздухоплови без екипаж во националното законодавство до крајот на 2023 година потребно е превземање на активности за подготовка на јавноста за нивна непречена имплементација.
Планирано е проектот да опфати подготвителни активности кои ќе бидат распределени во следниве две компоненти:

- Организирање на семинар за јавноста и засегнатите субјекти за запознавање со ЕУ регулативите за воздухоплови без екипаж кои ќе станат дел од националното законодавство до крајот на 2024 година; и
- Воспоставување на електронски систем за полагање и стручна подготовка на далечински пилоти на македонски јазик

**12.Проект: Унапредување на капацитетот на АЦВ и промоција на заштита на правата на патниците во воздушниот сообраќај**

Имајќи го во предвид фактот на се поголем број на судски случаи за патнички права на Европскиот суд на правдата со кој се менува ЕУ Регулативата 261/2004, која е дел од националното законодавство, нужно се налага потреба од унапредување на капацитетот на АЦВ за новините поврзани со заштита на правата на патниците.

Во рамките на овој проект предвидено е да се организира TAIEX работилница за ЕУ Регулативата 261/2004 и судските случаи за патнички права на Европскиот суд на правдата на која се планира да се вклучат како вработените од ОМСР, така и вработените од другите воздухопловни власти во регионот. Целта на работилницата е учесниците да се стекнат со стручни знаења за надлежностите на надзорните тела за имплементација на ЕУ Регулативата 261/2004 - National Enforcement Bodies, начинот на обезбедување на правилна интерпретација и имплементација како на ЕУ Регулативата, така и на пресудите на Европскиот суд на правдата, и на крај размена на искуства и практики помеѓу учесниците. На овој начин ќе се обезбеди хармонизиран пристап и подигнување и нивото на стручна помош која воздухопловните власти во својство на NEB им ја даваат на патниците во воздушниот сообраќај во случај на откажување, доцнење на лет или одбиен влез во воздухоплов. Работилницата треба да се организира начелно во месец мај-април во зависност од расположливоста на експертот.

Исто така предвидено е овој проект да опфати активности за подобрување на информираноста кај јавноста за правата на патниците во воздушниот сообраќај и начинот на нивна заштита. Овие активности би опфатиле изработка и делење на промотивен материјал и организирање на работилници за правата на патниците во воздушниот сообраќај на кои се планира да се вклучат претставници на авиокомпаниите кои оперираат од аеродромите во Македонија.

**13. Проект „Кампања за поттикнување на девојчињата и младите жени за вклучување во воздухопловството" . "Lady Captain"**

Целта на овој проект е приближување на воздухопловството и воздухопловните активности до девојчињата и младите жени со цел поттикнување на истите, својата идна професионална кариера да ја градат во воздухопловството.

Целна група на овој проект би биле девојчињата и младите жени од основните, средните училишта и факултетите.

Партнери во проектот: Факултетите за сообраќајни науки, ТАВ Аеродромот-Скопје, Аеродромот св. Апостол Павле-Охрид, авиокомпаниите и М-НАВ.

Активности:

- Изработка на промотивни материјали ( флаери, брошури, кампањи) со информации на потребниот вид на образовни и професионални квалификации за кариера во воздухопловството, кои би можеле да се делат во средните училишта и факултетите, како и на саемите за кариера при запишување на девојчињата и младите жени во средните училишта и факултетите.

-организирање на настани со споделување на успешни приказни на жени во водухопловството ( пилотки, котролорки, жени од водзухопловните спортови и сл)

- кампања на социјалните медиуми ( порака, лого и знак карактеристичен за проектот и кампњата)

-еднодневни екскурзии до аеродромите, разгледување и објаснување на внатрешноста на кабината на капетаните, посета на контролата на летање со присуство на настан во реално време.

## IV. РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ПЛАНИРАНИ ЗА 2024 ГОДИНА

## V. ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР

Планираните активности поврзани со внатрешна ревизија во текот на 2024г. опфаќаат:

- изработка на стратешки и годишни планови за ревизија на Агенцијата,
- изработка на поединечни планови за внатрешните ревизии во Агенцијата.
- следење на спроведувањето на препораките од извршената ревизија дадени во ревизорските извештаи и акционите планови,

- изготвување на квартални и годишни извештаи за извршените ревизии,
- евидентирање на ревизорските активности и чување на документите од ревизиите;
- следење на промените во законодавството за внатрешна ревизија на Република Северна Македонија и на Европската унија,
- мониторинг на преземени мерки од раководителот на субјектот во однос на извршените ревизии,
- преиспитување на системот за управување со квалитет.
- давање препораки за подобрување на работењето и работните процедури на субјектот,
- учествување во изготвувањето на процедури, упатства и други акти во врска со внатрешна финансиска контрола, внатрешна ревизија и повелбата за внатрешна ревизија,
- иницирање на постапки за подготвување на анализи за извршување на задачите и целите на работење на Агенцијата,
- контролирање на квалитетното извршување на надлежностите од страна на сите вработени во Агенцијата преку воспоставен систем за контрола на квалитетот,
- координирање активностите при имплементација и одржување на Системот за управување со квалитет, околина и безбедност при работа согласно имплементираните стандарди во Агенцијата,
- редовни обуки во делот на спроведување на внатрешната ревизија,
- други работи согласно важечките прописи.

## VI. КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ДИРЕКТОРОТ

Активностите на Канцеларијата на директорот, во рамките на своите надлежности, се насочени кон функционална организација на работењето на Агенцијата, со посебен акцент на организација на активностите на директорот, за високо квалитетна промоција на домашните и меѓународните активности пред домашната и странска јавност. Едновремено, Канцеларијата на директорот е максимално посветена и на исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за воздухопловство и позитивните законски прописи.

### 6.1 Советник за обука и стручно усовршување

Агенцијата за цивилно воздухопловство е регулаторно тело чија организациона структура обезбедува квалитетно и навремено извршување на безбедносните регулаторни функции во областа на цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија. Како цивилна воздухопловна власт, Агенцијата во согласност со техничко-технолошкиот развој во областа на воздухопловството ги следи и спроведува меѓународните стандарди поврзани со исполнување на обврските на Република Северна Македонија во однос на сигурноста и безбедноста на цивилното воздухопловство. Една од обврските за Агенцијата која произлегува од стандардите и препорачаните практики на ICAO како и Регулативите на ЕУ, кои се транспонирани во националното законодавство е обезбедувањето на доволен број соодветно квалификуван персонал.

Вработените во Агенцијата мораат да бидат високо квалификувани и обучени стручни лица со цел успешно извршување на улогата за надзор на безбедноста и сигурноста на цивилното воздухопловство. Обуката и стручното усовршување на вработените во АЦВ се врши во согласност со Програмата за обука на вработените во АЦВ. Оваа програма ја опфаќа почетната обука и обуката за обнова на знаење на вработените. Преку Програмата за обука Агенцијата осигурува усогласеност со Регулативите на ЕУ кои со своите услови ја дефинираат потребната обука за вработените. Агенцијата е насочена кон подобрување на стручноста и знаењето на вработените во специфичните области, како и во однос на усвојувањето на нови технологии.

Обуката и стручното усовршување за 2024 год. ќе се одвива врз основа на одобрен План на обуки на вработените, кој е изработен врз основа на следниве критериуми:

-Преглед на потребни обуки во согласност со инспекторските овластувања;
-Потреби од запознавање со новите техничко-технолошки трендови во областа на сигурноста и безбедноста на цивилното воздухопловство;
-Наоди и препораки од меѓународните организации (ICAO, ECAC, EASA, EUROCONTROL);
-Резултати од внатрешна ревизија;
-Нови регулаторни услови;
-Преглед на реализација на обуките за 2023 год.;
-Планирани финансиски средства;
-Повратни информации добиени од страна на вработените;
-Актуелна понуда на достапни обуки.

Степенот на обученост на вработените во Агенцијата се проценува во согласност со стандардите утврдени за конкретното работно место и работните задачи кои ги извршуваат. Доколку се утврди дека одредени вработени не ги поседуваат потребните знаења за извршување на соодветните работни задачи, се пристапува кон реализација на потребната обука.

Преку спроведување на Планот за обуки за 2024 год. во овластени домашни и меѓународни организации за обука, како и преку реализација на интерна обука, Агенцијата осигурува високо ниво на стручност на своите вработени. Доколку обуката ја реализира надворешна институција, се врши одредена проценка врз основа на содржината на обуката, како и анализа на квалификациите и искуството на институцијата која ја организира. Стручноста на инструкторите се проценува врз основа на нивните сертификати, искуство и/или покажано знаење. Обуката која ја вршат реномирани организации од областа на воздухопловството, како JAA, EASA, ICAO, ECAC и EUROCONTROL се смета за обука на соодветно ниво на квалитет и не се вршат дополнителни проценки на истата.

Во 2024 год. е предвидено продолжување на соработката со Воздухопловната академија на Сингапур, која до сега резултираше со посета на голем број курсеви од страна на вработените на Агенцијата во рамките на „Програма за обука за земји во развој Сингапур-ICAO“, како и „Програмата за соработка на Сингапур“. Воедно планирано е и искористување на можности за стипендии во рамките на Програмата за обука за земји во развој Индонезија-ICAO“. Исто така, во текот на следната година се планира продолжување на соработката во рамките на „Програмата за техничка соработка“ воспоставена со Француските цивилни воздухопловни власти, во склоп на која до сега вработените посетија голем број висококвалитетни обуки. Понатаму, предвидено е продолжување на трендот на организирање работилници, обуки на

работно место и студиски посети во склоп на инструментите и програмите за техничка помош на Европската комисија-TAIEX, Twinning, EASA-IPA и сл. Притоа, ќе биде следена стратешката определба на Агенцијата за вклучување на претставниците од воздухопловната индустрија, со цел да се придонесе за подигнувањето на компетенциите од областа на воздухопловството во земјата. Воедно, ќе биде воведена и регионална компонента, преку инволвирање на претставници од соседните регулаторни воздухопловни власти заради поттикнување на регионалната соработка и размената на најдобри практики помеѓу експертите во воздухопловството.

**6.2 Инспектори за контрола на квалитетот и безбедноста во воздушниот сообраќај**

Стандардите претставуваат основа за сите аспекти во воздухопловството преку воведување ред, одржливост, задоволство и управување со грешки. Управувањето со квалитетот е определено со стандарди во воздухопловството и воздухопловните операции. QMS во воздухопловството заедно со SMS (Систем за управување со безбедноста) во воздухопловството обично се однесува на збир на процеси и алатки за формално управување со структурирана програма за квалитет и безбедност.

Континуираното одржување и унапредување на Системот за управување со квалитет обезбедува усогласеност на процесите и процедурите на Агенцијата со меѓународните стандарди. Намерата на Агенцијата е да обезбеди континуирано и стандардизирано обезбедување на услуги што ги исполнуваат очекувањата на воздухопловната индустрија и барањата од важечките прописи и на крајот да обезбеди високо ниво на безбедност на воздушниот сообраќај.

Во согласност со важечкиот стандард на Системот за управување со квалитет, кој промовира процесен пристап и управување со ризик, Агенцијата ќе продолжи да работи на подобрување на постоечките процеси и процедури во текот на 2024 година.

Одредбите на европските регулативи кои се однесуваат на надлежните воздухопловни органи (Authority Requirements) ги определуваат барањата за системот за администрација и управување што земјите-членки мора да ги исполнат за спроведување и спроведување на Регулативата (EU) 2018/1139 и нејзините правила за спроведување. Интегрираниот системот за управување со квалитет (Quality Management System - QMS) е основата врз која се градат активностите на Агенцијата и кој обезбедува имплементација на горенаведените барања, особено во однос на дефинирање на политиката и процедурите на работата на Агенцијата, начините и методите за постигнување усогласеност со Регулативата (EU) 2018/1139 и неговите правила за спроведување, следење на усогласеноста на системот за управување со релевантните барања, обезбедување процедури за внатрешна контрола и процеси за управување со безбедносниот ризик.

Во согласност со важечките прописи поврзани со системот за управување на надлежните воздухопловни органи, Агенцијата има воспоставено систем за следење на ефикасноста и навременоста на преземање корективни и превентивни мерки. Мониторингот на усогласеноста, исто така, вклучува и систем за повратни информации што го информира раководството на Агенцијата на редовна неделна основа за статусот на спроведувањето на потребните корективни мерки, можните отстапувања и потребните ресурси.

Согласно утврдените процедури, континуирано се врши преглед на системот за управување со квалитет и политиката за квалитет од страна на раководството на Агенцијата и според потребата ќе се извршат соодветни ревизии на документот.

И во текот на 2024 година, Агенцијата континуирано ќе работи на утврдување и следење на промените кои влијаат на способноста на Агенцијата да ги извршува своите задачи и да ги остварува своите надлежности утврдени во Регулативата (EU) 2018/1139 и неговите правила за спроведување.

**6.2.1.Активности поврзани со внатрешната контрола на безбедност и обезбедувањето**

Во 2024 година Агенцијата за цивилно воздухопловство како надлежно регулаторно тело на цивилното воздухопловство во земјата продолжува да одржува експлицитно, стандарди за безбедности и обезбедување кои се во согласност со барањата на:

• Законодавството во Република Северна Македонија
• Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ИКАО)
• Европската унија (ЕУ)
• Еуроконтрол

Агенцијата е посветена на одржување на систем на добро менаџирање и континуирано подобрување на сите нејзини активности. Во оваа смисла, и во согласност со важечките прописи поврзани со системот за управување на надлежните воздухопловни тела (Authority Requirements), Инспекторот за контрола на квалиетот и безбедноста врши внатрешен надзор на клучните процеси и процедури, со цел следење на соодветноста на процедурите и усогласеноста на системот за управување со соодветните барања. Освен што целта на внатрешните контроли е навремено утврдување и елиминирање на можните системски недоследности, тие се и извор на информации што го олеснуваат препознавањето на неопходните подобрувања од страна на организацијата, намалувањето на системските ризици и поголема ефикасност.

Активностите поврзани со внатрешната контрола на безбедноста и квалитет имаат највисок приоритет во однос на комерцијални, оперативни, еколошки или социјални притисоци и се во насока на подобрување на ефикасноста на безбедноста и сигурноста и воспоставување на таканаречена "Безбедносна Култура" во рамките на самата Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија, како и во индустријата. Во тој контекст, ќе бидат преземени активности во насока на имплементирање и одржување на ефикасен, одржлив и проактивен систем за управување со безбедноста во согласност со условите диктирани од страна на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство и Европската комисија.

Од тука, во 2024-та година, Инспекторот за внатрешна контрола на квалитетот и безбедноста, ќе подготви упатство за работа за контрола на безбедноста и квалитетот во воздухопловството, но и ќе изготви и практично реализира стратешки и годишни планови за контрола на истиот.

Задачи на Инспектор за контрола на квалитетот и безбедноста за наредниот период:

- Процедури за внатрешен менаџмент
- Воспоставување на систем за управување со безбедноста
- Процедури за контрола на безбедноста во воздухопловството
- Продолжување на активностите врзан и за USOAP CAP
- Самооценување за USOAP (self-assessment )
- Воспоставување на Националната Програма за Безбедност(SSP)

- Активности врзани за ДБКИ (Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации)
- IPA-5 Проект
- Внатрешна контрола на соодветните сектори
- Активности врзани за Council Aviation Recovery Taskforce (CART)

Над севкупите активности, ќе биде извршена супервизија, за степенот на имплементација на препораките од извршената контрола на безбедноста и квалитетот во воздухопловството и акционите планови. Ќе биде направена координација со ICAO USOAP со цел, затварањето на забелешките и направен SELF ASSESSMENT на ICAO USOAP за да се утврди степенот на усогласеност на нашата агенција.

Следствено, и во согласност со Програмата за внатрешна ревизија на Агенцијата, врз основа на концептот на 24-месечен циклус, во текот на 2024 година интерни надзори ќе се реализраа согласно Програмата за внатрешна ревизија.

Во текот на 2024 година ќе продолжи имплементацијата на активностите во насока на подобрување на постојниот систем на овластувања на инспекторите, а ќе се работи и на воспоставување систем на оценување и подобрување на надлежностите на инспекторите.

**6.3 Советник– асистент за административни работи**

Советникот– асистент за административни работи во престојната 2024 година, согласно своите надлежности, ќе ги реализира следните активности:

- Комуникација со Генерален секретаријат при закажана седница на Генералниот колегиум на државни секретари и Комисијата за економски систем и тековна економска политика, како и за закажани седници при Владата на Република С. Македонија.
- Подготовка на дописи кон домашни и странски субјекти. Изготвување на дописи по насока на Директорот, до домашни институции и интерни дописи до вработени.
- Прием на државни писма од ICAO, нивна евиденција, распределба согласно содржината и подготвување на одговор.
- Асистенција за организирање на службени патувања за вработените во делот на авиобилети и хотелско сместување. Комплетно организирање на службените патувања на Директорот.
- Водење и изготвување на Записник од Колегиум на неделно ниво.
- Административни, организациски и логистички активности при организирање на настани од интерес на Агенцијата.
- Набавка на услуги и стоки за потребите на кабинетот на Директорот.
- Проверка и следење на официјалната мејл адреса на АЦВ (info@caa.gov.mk). Одговор и проследување на пораки на дневна база до релевантни сектори.
- Распределба на документи и предмети пристигнати од Архива.
- Толкување на позитивните законски прописи и правен осврт на законската регулатива за поединечни предмети по барање на Директор.
- Целосна примена на Законот за заштита на личните податоци од 16.02.2020г.
- Подготовка на целокупната законска регулатива и изработка на внатрешни акти со цел усогласување на Законот за заштита на лични податоци во АЦВ, согласно овластување - Офицер за заштита на лични податоци.

### 6.4 Советник за протокол и односи со јавност

Советникот за протоколарни и ПР активности од Канцеларијата на директорот за подршка на неговото работење, во 2024 та година, ќе продолжи со интензитетот на своите активности, насочени кон високо квалитетна, професионална презентација на достигнувањата во работењето на АЦВ, пред домашната и странска јавноста, преку организирани средби со новинари, учество во дневно информативни емисии, пласирање текстови и информации до пишаните и електронски медиуми...

Во рамки на фунционалното работење на Агенцијата, во 2024 тата година, советникот на директорот за пртокол и ПР активности, ќе остане доследен и на навременото и ефикасно ажурирање на веб страната на Агенцијата и социјалните мрежи, на изготвување на Годишни извештаи и Програмата за работа и развој на АЦВ за престојната година.

Како и во изминатите неколку години, Советникот за односи со јавноста, и во 2024 година активно ќе учествува во работата на NET COM мрежата за специјалисти за комуникации на ECAC, како и на годишните PRO PR World Конференции, и воедно ќе даде максимален придонес во креирањето на финалните документи, усвоени од меѓународната организација за цивилно воздухопловство, кои се во насока на зајакнување на промоцијата на цивилните воздухопловства пред домашната и странска јавноста.

## VII. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

Во согласност со примарната надлежност на Одделението за обезбедување во воздухопловството, (извршување на функции поврзани со надзор на обезбедувањето во воздухопловството - Aviation Security кај аеродромите, авиопревозниците, даватели на услуги на воздухопловна навигација, овластени набавувачи на залихи кои се носат во лет, регулирани агенти за карго и пошта и други субјекти, согласно годишниот план за имплементација на мерките за контрола на квалитетот на мерките за обезбедување, во текот на 2024 година, Одделението, планира да реализира најмалку 17 редовни инспекциски надзори над сите субјекти во воздухопловната индустрија, (Меѓународен Аеродром Скопје, Аеродром "Св. Апостол Павле" – Охрид, Регулиран Агент за карго и пошта и М-НАВ АД Скопје). Конечниот број на повторните и/или вонредните инспекциски надзори ќе зависи од наодите и констатирани недостатоци при редовните инспекцииво текот на 2023 и 2024 година.

Од вкупниот број инспекциски надзори најмалку 8 ќе се реализираат на службите за обезбедување на двата меѓународни аеродрома и тоа, 5 на Меѓународниот Аеродромот Скопје и 3 на аеродромот „Св. Апостол Павле" – Охрид.

Планирано е реализирање и на најмалку 6 инспекциски надзори над авиопревозниците кои вршат операции во РСМ со цел следење на сообразноста во имплементацијата на мерките во однос на домашната регулатива и меѓународните стандарди.

Исто така согласно планот ќе бидат реализирани инспекциски надзори или други мерки за контрола на квалитетот на начинот на имплементирање на мерките за обезбедување и на други субјекти од воздухопловната индустрија и тоа на следните субјекти: давателот на услуги на воздухопловна навигација „М– НАВ" АД Скопје регулираниот агент за карго и пошта ТАВ Македонија Меѓународен Аеродром Скопје и овластениот набавувач на залихи БТА Македонија, а доколку е потребно бројот може да се зголеми во зависност на наодите од инспекциските надзори.

Како дел од активностите на одделението за 2024 година предвидено е продолжување со реализацијата на проектот и активностите поврзани со проектот "One Stop Security", инициран од страна на Агенцијата кој се однесува на признавање на еднообразноста на стандардите и мерки поврзани со обезбедувањето во цивилното воздухопловство во Република Северна Македонија со оние во Европската унија, кој иницијално беше планиран да продолжи во 2020 година, но поради состојбата со Covid-19 пандемијата и стопирање на целосните инспекции од страна на ECAC до 2022 година истиот се одложи и по веќе отпочната постапка со ECAC се планира да се реализира во текот на 2024 година. Ова значи спроведување на целосна инспекција на Меѓународниот Аеродром Скопје во првата половина на 2024г., за што за следната година се планирани и подготвителни активност поврзани со претстојниот повторен аудит како и реализирање на истиот, по првично направениот во 2019.

Дополнително активности се планирани во рамките на Twining Light проектот организиран во соработка со воздухопловните власти на Република Хрватска кој официјално отпочнува на 07 декември 2023 година, додека во текот на 2024 година планирани се многубројни активности од областа на обезбедувањето на цивилното воздухопловство кои се распределени во две компоненти, а се однесуваат на измени и дополнувања на постоечката национална регулатива од оваа област согласно Европската регулатива како и измени и подобрувања на процедурите донесени од страна на одделението за обезбедување во воздухопловство исто така согласно Европската регуалатива и најдобрите практики. Во рамките на проектот предвидени се и работни посети и обуки во Хрватска со цел зајакнување на знаењата и капацитетите на кадарот кој работи на работни задачи поврзани со обезбедувањето во цивилното воздухопловство.

Исто така во рамките на програмата за зајакнување на капацитетите донесена од страна на ECAC за 2024 година, на иницијатива на Агенцијата за цивилно воздухопловство предвидено е организирање на две обуки во Република Северна Македонија во соработка со експерти и инструктори на ECAC кои ќе овозможат унапредување на знаењата и вештините на персоналот кој работи на работни задачи од областа на обезбедувањето во цивилното воздухопловство во РСМ каде освен претставници од Агенцијата ќе учествуваат и членови од други институции и субјекти од воздухопловната индустрија. Обуките се однесуваат на менаџирање со ризиците поврзани со обезбедувањето во цивилното воздухопловство (Best practices for Risk management in Aviation Security) и начин, постапка и организирање и спроведување на прикриени тестови (Best practices on Covert Testing) кои согласно националната програма за контрола на квалитетот во обезбедувањето во воздухопловството се дел од контролните активности.

Покрај горенаведените активности за 2024 година, Одделението, планира и реализација на следните активности:

- измени и дополнувања на Националната програма за обезбедување во цивилното воздухопловство согласно најновиот амандман на ECAC Doc.30, како и нејзина имплементација од страна на субјектите на воздухопловната индустрија;
- измени и дополнувања на Уредбата за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation Security) со цел инкропорирање на измените од ЕУ Регулативите кои се однесуваат на оваа област;
- донесување на Националната програма за обука за обезбедување во цивилното воздухопловство за која процесот е започнат во 2023 година, како и нејзина имплементација од страна на субјектите на воздухопловната индустрија;

- измени и дополнувања на Националната програма за контрола на квалитетот на обезбедување на цивилното воздухопловство;
- одобрување на аеродромските програми за обезбедување и процедурите за работа на аеродромите, одобрување на програмите и прирачниците за обезбедување на другите субјекти од воздухопловната индустрија;
- подготовка и активно учествува во состаноците и работата на Националниот комитет за обезбедување на цивилното воздухопловство, како и Аеродромските комитети за обезбедување во Скопје и Охрид;
- подготовка и активно учествува во состаноците и работата на работната група за проценка на степенот на ризик во обезбедувањето на цивилното воздухопловство;
- водење на управни постапки и учество во разни комисии за сертификации на субјектите на воздухопловната индустрија;
- активности поврзани со имплементацијата на Националниот план за вонредни состојби (contingency plan);
- учество во работата на ICAO EUR/NAT AVSEC Group;
- учество во работата на ECAC Aviation Security Forum;
- учество во работата на ECAC Aviation Security Coordination Group;
- Учество во разни работни групи кои се дел од ICAO или ECAC;
- учество на обуки, семинари и работилници организирани од Агенцијата, ECAC, ICAO и ЕУ.

## VIII. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Секторот за правни и општи работи во текот на 2024 година ќе се насочи кон организирање и координација, непосредна контрола и надзор над извршувањето на работните процеси, правилно распоредување на задачите на вработените во секторот и нивна реализација, давање на стручна помош и правни совети, следење и примена на законите и другите прописи како и општите акти во врска со надлежностите на Агенцијата, преку вршење на методолошка, организациска и техничка поддршка во постапките на изработка на актите кои се однесуваат на законското работење на Агенцијата.

Во рамки на Секторот за правни и општи работи функционираат:

- Одделение за управување човечки ресурси
- Одделение за правни работи
- Одделение за јавни набавки
- Одделение за информатички технологии и телекомуникации
- Одделение за општи работи и заеднички работи

Работењето на Секторот ќе биде во насока на ефективно и ефикасно управување со потенцијалот, знаењата, вештините и способностите на вработените и нивното однесување, обезбедување високо ниво на ангажираност поединечно на секој вработен согласно работното место, се со цел остварување успешни резултати и додадена вредност во работата како и грижа за нормативно правно уредување на прописите кои се применуваат.

Постигнувањето на овие цели ќе се врши преку спроведување на предвидените стратегиски цели, како и воведување современи процеси и добри практики.

Вработените како главен ресурс кој е потребно постојано да се надградува, ќе добијат посилна позиција и улога во Агенцијата, што води кон подобрување на општото целокупно работење на вработените.

Генерално, дејноста на Одделението за управување со човечки ресурси и Одделението за правни работи може да се подели во категорија на стратешка дејност, при што акцентот ќе биде ставен на подготовка и имплементација на деловната стратегија на организацијата и стратегијата за развој на човечките ресурси и дејност при извршување вообичаени работни активности поврзани со правни работи преку примена на позитивната законска регулатива.

Појдовна основа во остварувањето на визијата и мисијата на управувањето со човечките ресурси е да се вградат вредности, се со цел да се одржи и да се зголеми професионалноста во управувањето со областа на човечки ресурси. Ваквата политика води кон градење на организациската и индивидуалната свесност за почитување на другите, соработка и комуникација на секое ниво, на начин којшто обезбедува праведност, почит, чесност и доверба, односно, градење на работна средина за прифаќање на различностите кај вработените, нивните ставови, карактеристики и идеи, притоа поттикнувајќи ја нивната инклузивност, транспарентност, отворена комуникација и информираност на секое ниво. Подготвеноста за промени и иновации, поддршка и промовирање отвореност кон нови можности, постојано учење, поттикнување на креативноста, како и преземање активности за постојано подобрување во извршувањето на работните процеси, како и правичен третман преку воспоставување коректно и праведно однесување претставува потик за остварување на приоритетните цели и постигнување на позитивни резултати.

Спецификата на управувањето во Агенцијата меѓу другото опфаќа третман и управување со вработени кои имаат специфични компетенции за работните места на кои се распоредени.

Агенцијата преку општата функционалност на Секторот ќе води грижа за обезбедување еднакви можности за вработените во однос на напредувањето во работата, пристапот до сите видови стручно оспособување, условите за работење и сите права и обврски кои произлегуваат од работниот однос, подигнување на свесноста за преземање лична одговорност во работата, мотивирање и самомотивирање за поголем личен придонес, активна ангажираност и задржување на квалитетните кадри како и свесност за одговорност при непочитување на начелата кои произлегуваат од договорните обврски.

Во насока на остварување на горенаведеното, основните функционални активности ќе бидат во насока:

- Подобрување на соодветните услови за работа на вработените;

- Планирање на вработувања;

- Вработување и интерна мобилност;

- Регулирање на правата и одговорностите од работниот однос;

- Организациска и систематизациска поставеност;

- Наградување (работна успешност);

- Учење и развој (стручно усовршување и менторство);

- Управување со отсуства;

- Регрутација и селекција на човечки ресурси преку селекција на кадри кои ги исполнуваат барањата на работното место и чии способности и вештини ќе овозможат успешно извршување на задачите преку процес на утврдување, барање, привлекување и избор;

- Планирање и предвидување на идните потреби на човечки ресурси, односно, обезбедување на човечки ресурси кои според бројот и квалитетот (знаења, способности и вештини) ќе бидат во состојба да ги извршуваат поставените задачи на начин на кој ќе се обезбеди рационално планирање на постоечките човечки ресурси во Агенцијата;

- Оценување на перформансите на вработените, односно процес на собирање и анализа на информациите за работата на секој вработен од аспект на остварување на целите и надлежностите на Агенцијата;

- Управување со кариера преку обезбедување на потребен број квалификувани човечки ресурси со цел оптимално искористување на нивните знаења, способности и вештини заради остварување на организациските и индивидуалните цели и интереси, односно, процес во кој заедно со менаџментот, плански и организирано ќе се следат, оценат и соодветно распоредат вработените согласно нивните знаења, вештини и потенцијали;

- Одредување на знаења, способности и вештини на вработените во Агенцијата преку анализа на нивната работа, врз основа на системско собирање на информации за работата со различни методи;

- Усогласување на интересите на вработените со интересите на Агенцијата, односно креирање и администрирање на успешен систем на плаќање на вработените;

- Прераспоредување и пренасочување на човечките ресурси на критични места во случај кога значителен број вработени отсуствуваат заради користење на платени или неплатени отсуства, во периоди во кои е потребно да продолжат тековно да се одвиваат одредени дејствија и активности, а непостапување по истите би довело до штетни последици врз општото функционирање на Агенцијата ;

- Уредно водење на податоци кои се однесуваат на вработените во системот на ИСУЧР и водење на внатрешни евиденции кои овозможуваат потребните информации за сите вработени да бидат лесно достапни и прегледни;

- Изготвување на документи и акти согласно насоките и упатствата на директорот делегирани преку раководители на секторите;

- Усогласување на Правилниците во насока на предлог - Законот за воздухопловство и предлог новите законски решенија Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор како и Законот за работните односи, односно во корелација со сите позитивни законски прописи кои се применуваат во Агенцијата;

- Усогласување на внатрешните акти (во делот на организација и систематизација) согласно потребите на процесот на работењето, и меѓународните новини во европските регулативи, транспонирани во национални прописи;

- Подготовка на потребните интерни акти согласно европските регулативи заради утврдување на систем на квалитет и нивно интегрирање во Прирачникот за квалитет на Агенцијата, како и усогласување на интерните акти на Агенцијата поради изменети законски решенија;

- Изготвување на видови договори, проверка и анализа на постоечки договори заради утврдување на евентуална штетност и негативни последици по работењето на Агенцијата;

- Организација на работата на седниците на Управниот одбор и подготовка на целокупниот материјал од делокругот на неговото функционирање;

- Носење на Годишен план за спречување на корупција и проценка на ризици во АЦВ за 2024 година и сите потребни материјали, документи и интерни акти кои произлегуваат од политиката за интегритет;

- Одлучна и неселективна борба против организираниот криминал и корупција;

- Јакнење на раководната отчетност и правилно работење, засновано на принципи на еднаквост и недискриминација;

- Обезбедување на владеење на правото, еднакви можности и развивање на систем на правда кој ефикасно ќе ги штити човековите слободи, права и заеднички систем на вредности;

- Тековни активности од областа на административното работење за потребите на Агенцијата (подготовка на решенија, наредби, потврди, уверенија, пријави/одјави, евиденции, како и вршење на други тековни работи согласно потребите на Агенцијата и вработените).

Во текот на 2024 година се планира да се посвети поголемо и конкретно внимание на воспоставување на инструменти и алатки за поголема заштита на личните податоци во секој сектор поединечно поради потребата од формирање на посебни збирки на лични податоци кои се обработуваат.

Во оваа насока, се планира да се предложат сите потребни измени и дополнувања на постоечките интерни акти согласно проценката на влијание на заштитата на личните податоци согласно обработката која ќе го дефинира различното ниво на ризик за слободите и правата на субјектите на личните податоци.

Процедурите за подобрување на заштитата на личните податоци ќе биде аспект на приоритет за следење на усогласеностите за обезбедување на подобра и поефикасна заштита на личните податоци кои се доверени на Агенцијата како контролор.

Агенцијата за цивилно воздухопловство во 2024 година ќе преземе чекори во делот на осовременување на ИТ ресурсите. Следејќи ги најновите технолошки достигнувања во областа на информатичката технологија, а со цел унапредување на начинот на извршување на целокупниот работен процес, за 2024 година се планирани следните активности:

- Имплементација на новата ИТ Стратегија на АЦВ во согласност со новите стратешки цели, преку анализа на употреба на информатичката технологија во сите процеси на работење;

-Ефективно и ефикасно користење на ресурсите на информацискиот систем на АЦВ;

-Поддршка и анализа на потребата од надградба на постојните системи, во администрирање на апликативните софтвери и тоа системите за:

- управување со процесот на работа;
- анализа на податоците од сите форми на извештаи, наоди и препораки;
- архивско работење;
- финансиско работење;
- електронска достава на документи за потребите на работниот процес;
- ажурирање на податоците за ефективно функционирање на електронскиот систем за управување со човечки ресурси;
- воведување, имплементација, следење и одржување на системот за управување со безбедноста на информациите на АЦВ;
- континуирано следење на современите технолошки решенија во ИТ областа и имплементација на нови софтверски решенија за поддршка на работните процеси во Агенцијата;

- отпочнување на процесот на електронско водење на архива со цел унапредување и олеснување на процесот на собирање, обработка и пристап до документацијата која произлегува од тековното работење ;

Одделението за општи и заеднички работи во текот на 2024 година ќе продолжи со организација на ефикасно координирање и извршување на работите кои се однесуваат на приме на странки, обезбедување и грижа за имотот-деловните простории на Агенцијата, превоз за службени потреби, навремена достава на материјали до надлежни институции, правни и физички лица, тековно одржување на опремата, хигиената, уредите и инвентарот во согласност со позитивната законска регулатива.

Во однос на областа јавни набавки ќе се вршат следните работи и задачи:

- следење и примена на законската регулатива од областа на јавните набавки;
- подготовка на интерни акти/процедури за јавни набавки;
- координација на потребите за јавни набавки во Агенцијата и подготовка на годишен план за јавни набавки;
- следење на извршувањето на годишниот план за јавни набавки;
- подготвувка на решенија/одлуки за јавна набавка и договори и барања согласности за јавни набавки;
- подготовка на огласи за јавни набавки и тендерска документација;
- водење евиденции на јавните набавки што се вршат во Агенцијата по видови на постапки и евиденции на другите набавки по видови;
- изготвување договори за јавните набавки;
- изготвување и следење на реализацијата на порачките согласно склучените договори за јавни набавки.

Од особено значење е при процесите на јавни набавки во 2024 година, раководителите на секторите да ги дефинираат јавните набавки во кои обработувачите би имале допир до личните податоци со кои АЦВ е овластена да располага, односно, да врши обработка на самите податоци. Посебно, ќе се воспостават процедури/интерни акти за следење на располагањето со личните податоци кај обработувачите со цел да се воспостават Упатства за сите обработувачи посебно. Вооедно, оваа година е потребно да се продолжи со процесите на склучување

на Договори за доверливост и да се интервенира во Договорите за јавни набавки со посебни одредби кои се однесуваат на заштита на личните податоци.

Планирањето на потребите за јавни набавки, анализа и нивно спроведување ќе продолжи и во 2024 година, со превземање на сите потребни активности за подготовка и транспарентно спроведување на постапките за потребите на Агенцијата.

Имено, ќе се пристапи кон донесување на нова изменета процедура за јавни набавки согласно предлог измените во веќе постоечкиот закон, за што координирано ќе се вршат интерни обуки со сите сектори-баратели на јавни набавки и лицата - членови во комисии се со цел, правилно и навремено спроведување на постапките, нивна реализација, при тоа применувајќи го начелото на економичност, ефективност и ефикасност во располагање на финансиските средства на Агенцијата.

Заради постигнување на краен позитивен ефект, Агенцијата преку работењето на Секторот за правни и општи работи, ќе продолжи да води грижа за управување со потенцијалот, знаењата, вештините и способностите (компетенции) на вработените и нивното однесување, како и обезбедување високо ниво на ангажираност на секој вработен на работното место и на тимот, заради остварување успешни резултати и додадена вредност во работата.

Годишната програма за работа на АЦВ за 2024 година, претставува план на активности, кои треба да бидат реализирани во рамки на капацитетите со кој располага Агенцијата. Годишната програма за работа на АЦВ за 2024 година ќе се реализира согласно Акцискиот план кој е составен дел на оваа Годишна програма.

## IX. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ РАБОТИ

Работењето на Агенцијата за цивилно воздухопловство во врска со финансиите, сметководството, јавните набавки и економскиот надзор опфаќаат низа активности планирани за 2024 година, покриени со работењето на Секторот за финансики работи, под чија надлежност работат Одделение за материјално - финансиски работи и Одделение за економски надзор.

Извршувањето на своите редовни активности на сите Одделенија соодветно во Секторот се извршуваат согласно позитивните законски регулативи и меѓународни стандарди за остварување на поставените цели на Агенција.

Следејќи ги поставените цели и активности на Стратешкиот план за работење на Агенцијата за цивилно воздухопловство, од кој произлегува Акционот план во кој се дефинирани главните активности за 2024 година, Секторот за финансиски работи за 2024 година има предвидено низа активности кои се однесуваат на донесување и утврдување на методологија за пресметка и наплата на патничка такса во заминување, во согласност со измената на Законот за воздухопловство која е во тек.

### 9.1 Одделение за материјално-финансиско работење

Одделение за материјално - финансиско работење, како дел од Секторот за финансиски работи својата работа ја темели врз позитивните законски прописи, односно актуелната законска регулатива во Република Северна Македонија, и меѓународните стандарди за финансиско сметководствено работење, како и врз прифатените Меѓународни сметководствени стандарди – (МСС) и Меѓународните стандарди за финансиско известување – (МСФИ).

Во низата редовни активности кои ќе ги извршува Одделението за материјално

- финансиски работи во текот на 2024 година, треба да се исполнат следниве активности:

- Финансиска евиденција – (книжење) и сметководствена евиденција на сите настани и сметки во главната книга;
- евиденција на денарски и девизни изводи;
- евиденција на девизни и денарски благајнички дневници ;
- денарско и девизно благајничко работење, пресметка и исплата на патни налози ;
- изработка на излени фактури;
- проверка, ликвидирање, изработка на вирмани за плаќање на влезни фактури;
- евидентирање во сметководствена евиденција на влезни и излезни фактури;
- целосно спроведување на процесот на материјална евиденција на магацин – (прием, евиденција и трошење на материјали);
- евидентирање на приливи од прелети – (CRCO);
- пресметка и изготвување на плата и исплати за членови на Управен одбор;
- евиденција и анализа на целокупната документација поврзана со потрошувачката на гориво на службените моторни возила со кои располага Агенцијата;
- припрема со анализа и следење за изработка на Финансиски план;
- меѓусебна соработка со останатите Сектори и Одделенија во Агенцијата при следење на наплата на побарувањата и услови за покренување на тужби за наплата на спорни и сомнителни побарувања;
- следење на процес на наплата и евиденција на побарувања преку извршни постапки од извршител, за побарувања кои потекнуваат од минати години;
- контрола на реализацијата на Планот за јавни набавки и известувања согласно законските одредби;
- издавање согласности за расположливост со финансиски средства за реализација на Планот за јавни набавки;
- обработка и финансиска евиденција на попис за тековна година;
- усогласување на сметководствена со фактичка состојба утврдена со спроведениот попис на Агенцијата;
- изработка на пресметки, проекции, анализи и предвидувања за состојбата во целокупната деловна евиденција на Агенцијата во процесот на долгорочно планирање;
- изработка на месечни и квартални извештаи за финансиско работење за потребите и по барање на менаџментот;
- изработка на Годишен финансиски извештај и Годишна завршна сметка во согласност со законските прописи;
- соработка со надворешна ревизија, припремаи доставување на целокупна финансиска документација;
- соработка со надворешни институции за доставување на финансиски извештаи согласно законските одредби ;
- изработка на трошковници за надоместок за надзор врз воздухопловната навигација и аеродромската инфраструктура во РМ како основ за

финансирање на АЦВ;

Останатите активности на Одделението за материјално - финансиски работи се поврзани со континуирано информирање и запознавање на менаџментот со реалната финансиска состојба, како и обезбедување и известување со информации за останатите сектори на Агенцијата кои имаат потреба од тоа во интерес на взаемната соработка.

**9.2 Одделение за економски надзор, план и развој**

Согласно препораките на ICAO за јакнење на економскиот надзор на субјектите во воздухопловството, Одделението за економски надзор, план и развој извршува задачи поврзани со инспекциски контроли на економската стабилност и условите за добивање на потребните уверенија и дозволи за работа како и нивно следење.

Економскиот надзор над субјектите во воздухопловството се врши во следење на принципите и правилата утврдени во следниво:

- ICAO Doc.9082 – Policies on Charges for Airports and Air Navigation Services;
- ICAO Doc. 9161 – Manual on ANS Economics;
- Doc.9562 – Airport Economics Manuel;
  - Надзор на исполнетоста на пропишаните услови за економско работење на субјектите во воздухопловството при издавање на уверенија за работа;
  - Надзор над предвидените и остварените трошоци за дадените услуги и финансирањето преку надоместоците за дадените услуги;
  - Редовно следење на економските показатели преку следење на стратешките бизнис планови, годишните и финансиските планови и анализа на годишните извештаи за работа на субјектите во воздухопловството.

Во таа смисла, во текот на 2024 година, континуирано ќе се извршуваат следните активности:

- реализација на финансирањето на Агенцијата, од аеродромите во Република Северна Македонија врз основа на член 12 од Законот за воздухопловство – изработка на месечни пресметки за 2%;
- економски надзор – инспекциски надзор над месечните извештаи за реализација на сообраќалот на ТАВ Македонија;
- економски надзор-инспекциски надзор врз финансиските извештаи за работењето на ТАВ Македонија за прв, втор и трет квартал од 2024 година;
- економски надзор-инспекциски надзор на Годишниот финансиски извештај од независна ревизија за ТАВ Македонија за 2023 година;
- изработка на чек листи за економски надзор на аеродромите во Република Македонија како основ за инспекциски контроли во 2024 година;
- Извршување на инспекциски надзор согласно Годишниот план за инспекција на економското работење на ТАВ-Македонија ( полугодишно/2024 година);
- економски надзор – инспекциски надзор и издавање на мислење на Годишниот извештај за работа на М-НАВ АД Скопје за 2023 година;

- економски надзор на Годишниот финансиски извештај од независна ревизија за М-НАВ АД Скопје за 2023 година;
- економски надзор –инспекциски надзор со анализа на финансискиот план на давателот на услуги во воздухопловната навигација М – НАВ Скопје за 2024 година и подготовки на Согласност во постапката на негово донесување;
- изработка на планови за инспекциски надзор за 2024 година;
- изработка на чек листи за економски надзор на давателот на услуги на воздухопловна навигација како основ за инспекциски контроли во 2024 година;
- Извршување на инспекциски надзор согласно Годишниот план за инспекција на економското работење на М-НАВ АД Скопје (полугодишно/2024 година);
- Учество во Сертификација односно проверка на исполнетоста на условите за начинот на давање на услуги на ВН, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и др.услови неопходни за безбедност и уредно работење на ДУВН – М-НАВ АД Скопје;
- Учество на обуки за подигање на капацитетот на инспекцискиот надзор за следење на економската стабилност на учесниците во воздушниот сообраќај;
- Изработка на табелите на CRCO со предлог на пресметковна единица за 2024 година;
- Учество на состаноците на “Enlarged Committee for Route Charges” – јуни/ноември 2024 година;
- Учество на состаноците на работната група за надоместоци од прелети – март/септември 2024 година;
- Учество на состаноците на “Stending Committee on Finance (SFC) – Eurocontrol;
- Анализа и соработка со давателот на услуги во воздухопловната навигација за делот од надоместокот од прелети за 2024 и 2025 година;
- Обезбедување на статисички податоци за работата на Секторот за финансико работење и економски надзор;
- Прибирање и обработка на статистички податоци за бројот на превезени патници и карго на аеродромите во РСМ како и број на летови;
- Изработка на полугодишен и годишен статистички извештај со операции на воздухоплови, број на превезени патници и карго;
- Доставување на месечни статистички податоци за обем на сообраќај во РСМ согласно пропишани формулари до ICAO/ACI.

Во делот на план и развој на Одделението, планирани се следните работни активности:

- Прибирање информации од финансиски извештаи за планирани и остварени приходи и расходи за 2023 година (квартално),
- Прибирање информации за реализација на Стратешкиот план на АЦВ за проектите во Акциониот план и нивно остварување за тековната година,

- Прибирање и следење на информации поврзани со планот за јавни набавки за тековната година и анализа на истите,
- Прибирање информации за потребни проекти за развој на АЦВ, во престојниот три годишен период,
- Следење на реализацијата и спроведувањето на Програмата за работа на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

## X. СЕКТОР ЗА ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

### 10.1. Активности од областа на летачка оператива

Исполнување на највисоките безбедносни стандарди во воздушниот транспорт на Република Северна Македонија и подигнување на нивото на безбедност и квалитет, беа и остануваат важна стратешка цел на Агенцијата за 2024 година, која ги остварува и меѓусебно ги поврзува активностите кои значат иницијална сертификација и воспоставување континуиран надзор над субјектите на воздухопловната индустрија, во исполнувањето на домашните и меѓународните безбедносни стандарди.
Во таа насока во претстојната 2024 година, Одделението за летачка оператива, планира реализација на следните работни активности:

10.1.1. НАДЗОР НА ИСПОЛНЕТОСТА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА КОМЕРЦИЈАЛЕН ВОЗДУШЕН ТРАНСПОРТ:

10.1.1.1. Сертификација на новите баратели за издавање на Уверение за работа и Уверение за исполнување на безбедносни услови за вршење на комерцијален воздушен транспорт. Одделението за летачка оператива во координација со Одделението за Пловидбеност и Одделението за економски надзор, план и развој активно ќе учествува и ќе ја води постапката за секое барање за издавање на Уверение за работа и Уверение за исполнување на безбедносни услови за вршење на комерцијален воздушен транспорт.
Одделението за летачка оператива ќе изготви годишна програма за континуиран надзор со проценка на ризик на воздухопловните субјекти кои би добиле Уверение за работа и Уверение за исполнување на безбедносни услови за вршење на комерцијален воздушен транспорт.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.1.2. Вршење на SAFA (Safety Assessment of Foreign Aircraft) инспекции, согласно утврдената годишна квота.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.2. НАДЗОР НА БЕЗБЕДНОСТА ВО СПОРТСКАТА АВИЈАЦИЈА - НЕКОМЕРЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ СО НЕКОМПЛЕКСЕН ВОЗДУХОПЛОВ:

10.1.2.1. Пред почетокот и на крајот на воздухопловните активности, а тоа е периодот на месец март и месец октомври, ќе се изврши обиколка на сите аероклубови во Македонија, со цел запознавање со актуелните состојби поврзани со воздухопловите, опремата, персоналот и состојбата на полетно-слетните

патеки и детален инспекциски надзор на секоја пријавена воздухопловна манифестација или воздухопловен натпревар организиран од страна на воздухопловните субјекти.

*рок: континуирано во текот на годината*

10.1.2.2. Согласно законската надлежност за вршење на надзор над начинот на летање и користење на параглајдери, змаеви и тврдокрилци, планирана е посета на регистрираните клубови, и одржување на работни состаноци со преставници на истите, со цел информирање на субјектите за актуелните состојби од областа на воздухопловната регулатива, обврските кои ги имаат кога се јавуваат во улога на организатори на меѓународни натпревари и унапредување на размената на информации со инволвираните субјекти (М-НАВ, АЦВ), заради зголемување на безбедноста на летањето со параглајдери и змаеви.

*рок: континуирано во текот на годината*

10.1.2.3. Организација на работилница со учество на школските центри за обука на пилоти на параглајдер и змај, со цел нивно активно вклучување во подготовката на драфт верзија на измените и дополнувањата на Правилникот за начинот и правилата на летање со крила за слободно летање.

*рок: прв и втор квартал на 2024 година*

10.1.2.4. Инспекциски надзори на терените на кои се изведува летање со параглајдери и змаеви, како и надзор над терените на кои се реализираат натпревари.

*рок: континуирано во текот на годината*

10.1.2.5. Инспекциски надзори на сите аероклубови во сите воздухопловни гранки што ги опфаќа спортското воздухопловство, (падобранство, едриличарство, моторно летање, параглајдерство и змајарство).

*рок: континуирано во текот на годината*

10.1.3. НАДЗОР НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ ВРШЕЊЕ НА НЕКОМЕРЦИЈАЛЕН ВОЗДУШЕН ТРАНСПОРТ СО КОМПЛЕКСНИ ВОЗДУХОПЛОВИ:

10.1.3.1. Активно учество и водење на постапка за секое барање за издавање, продолжување, промена или суспендирање на специфични одобрувања од листата на оперативни спецификации на операторот кој поднел Декларација за некомерцијален воздушен транспорт со комплексен воздухоплов.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.3.1. Вршење на инспекциски надзор согласно изготвениот годишен план за инспекциски надзор на подносителот на Декларација за некомерцијален воздушен транспорт со комплексен воздухоплов, односно Службата за општи и заеднички работи при Владата на Република Северна Македонија.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.4. НАДЗОР НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ ВРШЕЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОПЕРАЦИИ СО ВОЗДУХОПЛОВ:

10.1.4.1. Активно учество и водење на постапката за секое барање за издавање, продолжување, промена или суспендирање на специфични одобрувања од листата на оперативни спецификации на операторот кој поднел Декларација за извршување специјализирани операции со воздухоплов.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.4.2. Инспекциски надзор согласно изготвениот годишен план за инспекциски надзор на операторите кои поднеле Декларација за вршење на специјалзирани операции со воздухоплов, односно Дирекцијата за заштита и спасување, ДООЕЛ Бониер – Куманово и ДОО „Аероклуб Скопје" – Скопје.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

*10.1.5.* НАДЗОР НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ ВРШЕЊЕ НА ОПЕРАЦИИ СО ВОЗДУХОПЛОВИ БЕЗ ЕКИПАЖ

10.1.5.1. Активно учество и водење на постапката за секое барање за издавање, продолжување, промена или суспендирање на специфични одобрувања од листата на оперативни спецификации на на оператор кој има одобрение за вршење на комерцијални операции и операции за сопствени потреби со воздухоплов без екипаж.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.5.2. Инспекциски надзор согласно изготвениот годишен план за инспекциски надзор на операторите кои имаат одобрение за вршење на комерцијални операции и операции за сопствени потреби со воздухоплов без екипаж, односно ДронБузз Аериал Сервис ДООЕЛ-Скопје.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.6. НАДЗОР НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ ВРШЕЊЕ НА ОПЕРАЦИИ ЗА ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ПО ВОЗДУШЕН ПАТ

10.1.6.1. Активно учество и водење на постапката за секое барање за издавање, продолжување, промена или суспендирање на специфично одобрување за превоз на опасни материи по воздушен пат за сите сертифицирани оператори.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.6.2. Инспекциски надзор согласно изготвениот годишен план за инспекциски надзор на операторите кои имаат одобрение за транспорт на опасни материи по воздушен пат и на субјектите кои се вклучени во организацијата, пакувањето и обележувањето на пратките кои содржат опасни материи за транспорт по воздушен пат.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.6.3. Учество во постапки за издавање на одобренија за летови на странски оператори, кои со цел слетување или прелет, превезуваат опасни материи.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.7. АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО АЖУРИРАЊЕ И АДАПТИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА РЕГУЛАТИВА ОД ОБЛАСТА НА ЛЕТАЧКИТЕ ОПЕРАЦИИ СО СТАНДАРДИТЕ И ПРЕПОРАЧАНИТЕ ПРАКТИКИ НА ICAO/EASA КАКО И ДРУГИТЕ НАЦИОНАЛНИ ПРОПИСИ:

*10.1.7.1.* Активности во рамките на Twining проектот со Хрватската Агенција за цивилно воздухопловство, а во врска со подготовка на предлог правилник и негова имплементација, со цел хармонизација на националната регулатива со ЕУ Регулативите 945 и 947 за воздухоплови без екипаж.

*рок: првиот вториот квартал од 2024 година*

10.1.7.2. Соработка со Одделението за меѓународни стандарди и воздухопловна регулатива, активно учество во изготвувањето (давање предлози и мислења) на предлог – правилници кои се однесуваат на областа на летачката оператива, следење на националната регулатива од оваа област и информирање на субјектите на воздухопловната индустрија за секоја измена или новина по однос на безбедноста. Прилагодување и усогласување на внатрешните процедури на Одделението за летачка оператива во согласност со одредбите од Правилникот за летачки операции (Службен Весник на Република Северна Македонија број 283/2020) со кој што е транспонирана ЕУ Регулативата 965/2012 - Воздухопловни операции преку дополнување и ажурирање на Прирачникот за процедури на одделението.

*рок: континуирано во текот на целата календарска година*

10.1.7.3. Измени и дополнувања на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата за цивилно воздухопловство кои се резултат на имплементацијата на ЕУ Регулативата 965/2012.

*Рок: првиот квартал од 2024 година*

## 10.2 АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА НА ПЛОВИДБЕНОСТ И РЕГИСТАР

### 10.2.1 ПРЕГЛЕДИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЛОВИДБЕНОСТА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

а) Основни прегледи по поднесени барања за:

1. упис во регистарот
2. обновување на пловидбеноста на воздухоплов што биле во непловидбена состојба подолго од 3 месеци или
3. преглед на воздухоплов на кој му е извршена обнова на структурата.

б) Основни и Редовни прегледи по поднесени барања за иницијално издавање на Уверение за пловидбеност и продолжување на важност на Уверение за пловидбеност или за издавање на Уверение за преглед (ревизија) на пловидбеноста – ARC и
в) Вонредни прегледи по посебно барање или врз основа на наод од инспекциски надзор односно заради оштетување, обнова на структурата, модификација или голема поправка на воздухополов.
г) Прегледи на континуиран надзор
д) Одобрување на систем за техничко одржување преку Програм за техничко одржување
ѓ) Одобрување на организации за техничко одржување на воздухоплови во земјата и странство
е) Издавање на дозволи за летање на неповидбени воздухоплови и одобрување на условите за летање.
ж) Издавање на Уверенија за бучава, кодови за транспондери и ЕЛТ , Тех.Лог систем , и т.н.
з) Спроведување на инспекциски надзор согласно ACAM програма на воздухоплови со EASA Type Certificate
ѕ) Спроведување на консултативни состаноци со техничкиот воздухопловен персонал на МВР со цел усогласување и подготовка на нивните воздухоплови за влез во цивилен регистар.

10.2.2 АЖУРИРАЊЕ НА ПРИРАЧНИКОТ СО ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО (ISM – AIRWORTHINESS)

Во 2024 година ќе се врши понатамошно ажурирање и проширување на Прирачникот со интерни процедури за работа на одделението (ISM-Airworthiness) во постапките за утврдување на пловидбеност на воздухоплови и сертификација/надзор на организации кои работата (согласно ЕУ 1321/2014) Дел-M, Дел-145 и Дел-21, а во кој ќе се интегрираат и ажурираат процедурите за работа и листите за проверки согласно барањата од прописите на ЕУ и на стандардите и препорачаните практитки од ICAO.

Се предвидува модификација на 20 процедури и изработка на 10 нови процедури за имплемнтација на „Дел CAO„ и „Дел МЛ„ .

Во 2024 година се очекува транспонирање на ЕУ регулативите кои се однесуваат на воздухоловите без екипаж, со што ќе се прекине со регистрација на истите, а ќе се работи исклучиво на утврдување на пловидбеноста за одредени категории.Дополнително ќе биде дефинирана надлежноста на субјектот, кој ќе врши регистрација на операторите.

10.2.3 ИЗДАВАЊЕ НА ДИРЕКТИВИ ЗА ПЛОВИДБЕНОСТ (OBD)

Согласно надлежноста на одделението, а заради имплементација на барањата за одржување во континуирана пловидбеност кои ги издаваат државите одговорни за дизајнот согласно од Анексот 8 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (Чикаго 1944 г.), одделението ќе ги следи промените кај тие барања и за воздухопловите кои не подлежат на примената на прописите на ЕУ (тн, Анекс I воздухоплови) ќе подготвува македонски Директиви за пловидбеност, а согласно член 131 од Законот за воздухопловство.

10.2.4 ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ

Во 2024 година Одделението за пловидбеност односно овластените инспектори за пловидбеност и техничко одржување се очекува да извршат:

- најмалку по 10 инспекциски надзори над имателите на Уверение за летање/работа како и во сите организации кои се одобрени за управување со постојана пловидбеност на воздухоплови или за техничко одржување на воздухоплови;
- надзор над постојаната пловидбеност на воздухопловите согласно ACAM планот за 2024 година;
- учество во инспекциските надзори врз странски воздухоплови кои слет уваат на македонските аеродроми (SAFA), а согласно Годишен План за SAFA на Агенцијата за 2024 година;
- по најмалку 2 инспекциски надзори врз аероклубовите и одобрените школски центри што вршат летачки обуки или користат воздухоплови за спортски цели;
- надзор врз работата на ВТ персоналот за одржување на воздухоплови и
- надзори над извршувањето на работите во странски организации – сервиси кои вршат одржување на воздухопловите кои се регистрирани во Република Северна Македонија.
- Вршење на инспекциски надзор согласно изготвениот план за инспекциски надзор на имателот на Уверение за работа
- вршење на инспекциски надзор на хеликоптерите на МВР со цел подготовка на нивните воздухоплови за упис во цивилен регистар.

Водење на управни постапки за издавање на решенија и уверенија во врска со пловидбеноста на регистрираните воздухоплови вклучувајќи:

- Одобрување на Техничките системи за одржување на воздухоплови регистрирани во РСМ согласно тековните измени во барањата на производителот, неговата држава или пак на АЦВ, а со цел да се обезбеди бараното ниво на безбедност односно пловидбеност;
- Одобрување на технички модификации на воздухоплови, мотори, елиси и други воздухопловни продукти кои се регистрирани/користат во РСМ ;
- Одобрување на домашни организации за управување со постојана пловидбеност на воздухоплови;
- Одобрување на домашни организации за техничко одржување на воздухоплови и друго;
- Одобрување и валидација на странски организации за техничко одр жување на воздухоплови и друго
- Имплементација на последната регулатива на Европската комисија 1321/2014
- Усогласување на Прирачникот за инспекции согласно Регулативата ( ЕК) 1321/2014 ,
- Изработка и утврдување на систем за проверка , надзор и издавање на пловидбеност на воздухоплови без екипаж (само за посебни категории – кои имаат Уверение за тип)

Во 2021 година отворена е постапка за утврдување на условите за издавање на пловидбеност и упис во цивилен Регистар на воздухоплови на хеликоптерите (5) на МВР, со што драстично се зголемува обемот на работа. Во 2022 година се извршија голем број на состаноци на кои што беше прегледувана документација за исполнување на пред-услови за исполнување на условите за упис на полициските хеликоптери во цивилен регистар. Истиот процес се планира да продолжи и во 2024 година, со што за 100 % ќе се зголеми обемот на работа и бројот на инспекциите во однос на 2022 и 2023 година.

10.2.5 УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ, КОМИСИИ И СЛИЧНО

Персоналот од одделението ќе учествува во работата на комисии, работни групи и пошироки активности од надлежноста на Агенцијата за цивилно воздухопловство, како и стручна соработка со Одделението за воздухопловно право и меѓународни работи во подготовка на новите прописи со кои се регулира областа пловидбеност на воздухоплови.

10.2.6 ИНТЕРНИ ОБУКИ ЗА КАДРОВСКО ДОЕКИПИРАЊЕ СО СТРУЧЕН КАДАР

Во одделението веќе се назначени лица кои работат под надзор и се оспособуваат и подготвуваат за вршење на функции и задачи од областа на пловидбеност на воздухопловите.

10.2.7 СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСПИТИ

Персоналот од одделението ќе организира полагање на испити за модулите 9 и 10 кои се потребни за конверзија на националните АМС и ИРЕ (Тип II) дозволи во дозволи по Дел 66.

Исто така ќе се организира и полагање на испити за модули/подмодули потребни за отстранување на лимитации стекнати при конверзија на националните АМС и ИРЕ (Тип II) дозволи во дозволи по Дел 66 и испити за стекнување на Дел 66 дозволи.

## 10.3 АКТИВНОСТИ ВО ОБЛАСТА ДОЗВОЛИ И УВЕРЕНИЈА

10.3.1 ТЕСТИРАЊЕ ЗА ДОЗВОЛИ И УВЕРЕНИЈА

i. Учество на селекција, имплементација и ставање во функција на софтверско решение за спроведување на испити FCL (EASA и национални) дозволи, дозволи за предмети од областа на навигација и услуги на навигација, дозволи и дронови, останати дозволи (змаеви, падобранци, параглајдери, лесна и ултра лесни летала);
ii. Координација и набавување на дата-база за спроведување на испити од EASA;
iii. Подготовка за надзор од EASA по однос на дата-базата за спроведување на испити;
iv. Подготовка на документација за испитите (процедури, обрасци, листи за проверка);
v. Обука на административен персонал и набљудувачи над испитниот процес;
vi. Имплементација и ставање во функција на софтверско решение за спроведување на испити FCL (EASA и национални) дозволи, дозволи за

предмети од обласга на навигација и услуги на навигација, дозволи и дронови, останати дозволи (змаеви, падобранци, параглајдери, лесна и ултра лесни летала);

vii. Организирање и спроведување на испити за стекнување на дозволи и овластувања на персоналот во воздухопловството, за што потребно е да се обезбеди база на прашања од EASA (ECQB) и соодветни технички услови за спроведување на испитите според пропишаните стандарди и во согласност со (EU)1178/2011 регулативата (за PPL, CPL, MPL, ATPL дозволи);

viii. Организирање и спроведување на испити за стекнување на дозволи и овластувања на персоналот во воздухопловството, за што потребно е да се обезбеди база на прашања од национална дата база и соодветни технички услови за спроведување на испитите според пропишаните стандарди и во согласност со националната регулатива (за LAPL, PPL, SLP, BPL дозволи).

10.3.2 ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДОЗВОЛИ И УВЕРЕНИЈА

i. Подготовка на нова документација и ревизија на постојните процесите (процедури, обрасци, листи за проверка, упатства);

ii. Активно учество на Твининг проект за делот од дозволи, уверенија и надзор, како и работи околу подготовка и измени на документи во рамки на проектот.

10.3.3 ПОСТАПКИ ЗА ДОЗВОЛИ И УВЕРЕНИЈА

i. Спроведување на управни постапки за издавање, продолжување, обнова, суспендирање, ограничувања и отповикувања на дозволи/уверенија и овластувања на персоналот во воздухопловството за кој Агенцијата издава дозволи

ii. Издавање на потврди кон трети држави/власти за носители на дозволи издадени од агенцијата;

iii. Издавање на валидации на дозволи на кандидати со дозволи издадени од трети држави/власти;

iv. Изготвување и ажурирање на Листа на воздухопловни стручњаци за 2023 година за персонал во воздухопловството;

v. Издавање на потврди за важност на дозвола/овластување и немање несреќи/инциденти на персонал во воздухопловството;

vi. Водење на регистар на персоналот во воздухопловството (евиденција на издадените дозволи, уверенија и овластувања, како за персоналот во воздухопловството, така и за овластените организации и центри за испити за познавање на воздухопловен англиски јазик,), објава на испитни сесии, стручен персонал и испитувачи;

vii. Организирање и одржување на TAIEX работилница за знаење за медицински персонал за издавање на уверенија за медицински уверенија;

viii. Организирање и одржување на обука за стандардизација на испитувачи (examiners , senior examiners);

ix. Други советувања, известувања, консултации со организациите за обука на воздухопловен персонал;

x. Имплементација на регулатива за дозволи за одржување на Annex I воздухоплови;

xi. Изготвување на процедури, обрасци и листи за проверка за стекнување и продолжување на дозволи за управување со беспилотни летала и школски центри за истите;

xii. Учество во постапки за одобрување на програми за обука на персоналот во воздухопловството;
xiii. Учество во постапки за издавање и продолжување на Уверенија за работа на организации или центри за обука на персоналот во воздухопловството;
xiv. Измени и дополнувања на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата за цивилно воздухопловство кои се резултат на имплементацијата на ЕУ Регулативата 1178/2011 и останта применлива регулатива.
xv. Изготвување/измени и давање предлози и мислења на предлози за правилници во делот на дозволи и уверенија;
xvi. Спроведување на постапки за верификација на странски организации за обука, испитувачи и симулатори за летање за носители на МКК дозволи;
xvii. Вршење на инспекциски надзор од областа на дозволи и уверенија, тела/центри за испитување на познавање на воздухопловен англиски јазик, учество во постапки за издавање, продолжување или обновување на Уверенија на организации за обука и друг континуиран инспекциски надзор согласно надлежностите на Агенцијата;
xviii. Учество во работни групи во агенцијата:
xix. Учество и работа на регулаторни тела (ИКАО и ЕАСА), како и компетентни власти на други држави;
xx. Анализа и споделување на информации и податоци со други одделение (Летачка оператива, Безбедност, Навигација и др.) од постапки за дозволи и уверенија;
xxi. Тековно ажурирање на прирачникот, процедурите, обрасците, листите за проверка, сертификати, програми и сл. за работи од Одделението за дозволи и уверенија.

10.3.4 УНАПРЕДУВАЊЕ – НОВИ ПРОЦЕСИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТО

i. Воведување на процес за проценка на познавање на воздухопловен македонски јазик;
   i.1. подготовка на процедура и документација за постапката при ОДУ,
   i.2 подготовка на материјали за спроведување проценка на познавање на воздухопловен македонски јазик,
   i.3 назначување на тим од Агенцијата, подготовки и имплементација на проценки.
ii. Работни групи за преглед и измена на Правилници (по приоритет и зачестеност на кандидати)
   ii.1 прирачник за ПКЛ,
   ii.2 прирачник за АИС персонал,
   ii.3 прирачник за МЕТ персонал,
   ii.4 прирачник за ATSEP персонал,
   ii.5 прирачник за УЛА,
   ii.6 прирачник за Падобранци,
   ii.7 прирачник за Параглајдери,
   ii.8 прирачник за персонал на проток на сообраќај (FMP personal).
iii. Дигитализација на база на податоци - Дигитализација на дата-базата на податоци за носители на дозволи и уверенија според насоките и плановите на ИКАО, но и дигитализација и унифицирање на архивски и тековни податоци на ОДУ во централизиран систем за чување на електронски записи, а кој

обезбедува безбедности, контролиран и ограничен пристап и заштита на податоци. Проектот вклучува:

iii.1 дигитализација на дозволи,
iii.2 дигитализација на уверенија,
iii.3 дигитализација на архива и податоци од ОДУ.

10.3.5 РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНЦИИ И ПРАКТИЧНИ ЗНАЕЊА

**10.3.5.1 Развој на индивидуални компетенции и практични знаења на раководниците/одговорни лица на центрите за обука за Ултра-лесни воздухоплови, Параглајдери, Падобранци:**

i. Вклучување на одговорни лица (инструктори/испитувачи) во обуки организирани од Агенцијата;
ii. Посета на центрите и спроведување советувања.

**10.3.5.2 Развој на компетенции и практични знаења на вработените во ОДУ:**

i. Интерна обука на персоналот за лиценцирање за изучување и континуирана примена на Part FCL регулативата и сите дополнителни измени, изготвување на дополнителни работни документи и процедури согласно Правилникот за екипаж на воздухоплов („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.228/2020);

## 10.4 ОТСЕК ЗА ВОЗДУХОПЛОВНА МЕДИЦИНА

### 10.4.1 РАБОТНИ ПРОЦЕСИ НА ОТСЕКОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНА МЕДИЦИНА ВО ТЕКОТ НА 2024г.

Отсекот за воздухопловна медицина во 2024 година планира да ги извршува следните работни процеси:

1. Поставување на највисоки стандарди во организација, координација и контрола на спроведувањето на позитивните законски прописи од областа на воздухопловна медицина;
2. Хармонизација на законска регулатива/препораки на Република Северна Македонија со ICAO/EASA/EUROCONTROL/ESAM/ECAM/ECAC;
3. Спроведување на управни постапки за одобрување на програми за обука на лица од областа на воздухопловната медицина;
4. Спроведување на управни постапки за издавање, продолжување, признавање и промена на овластувања на AME (Authorized Medical Examiner) – Овластен лекар поединец и AMC (Aero-Medical Center) – Воздухопловен медицински центар;
5. Спроведување на управни постапки за издавање, продолжување, признавање и промена на овластувања на здравствени установи за прегледи на воздухопловен персонал;
6. Првични здравствени прегледи за издавање на лекарско уверение за Класа 1 и Класа 3;
7. Управни постапки за второстепено разгледување на здравствена способност на кандидати на кои им е одбиено издавање на лекарско уверение од страна на AME/AMC;

8. Давање на стручно мислење на АМЕ/АМЦ согласно нивно барање;
9. Стручно одлучување за здравствена способност на воздухопловен персонал и друг стручен персонал согласно препратени кандидати за одлучување од АМЕ/АМЦ до АМС во АЦВ;
10. Вршење на иницијален и континуиран инспекциски надзор, согласно позитивните законски прописи за воздухопловна медицина, согласно изготвен План за инспекциски надзор, над здравствени организации/АМС/АМЕ, медицински служби на аеродроми и леталишта;
11. Вршење на континуиран инспекциски надзор и сертификација на аеродроми, леталишта и терени;
12. Вршење на инспекциски надзор над сите воздухопловни гранки;
13. Водење на Регистер на персонал во воздухопловството-евиденција на издадени лекарски уверенија;
14. Проверка на медицинска документација од извршени здравствени прегледи на воздухопловен персонал;
15. Водење на Архива со персонални досиеја на воздухопловен персонал од извршени здравствени прегледи;
16. Спроведување на испити за прва помош;
17. Учество при инспекциски надзор од страна на EASA Medical i ICAO Medical врз работењето на АЦВ во областа на воздухопловната медицина;
18. Учество во постапка за одговарање на ICAO државни писма и одобрување на AIP,
19. Изготвување на процедури за работа од областа на воздухопловна медицина;
20. Спроведување на психолошки тестирања во согласност со пропишаните стандарди за носителите на дозволи/уверенија при нивното стекнување, продолжување или обнова како и при вонредни проверки;
21. Изготвување/спроведување на соодветни тестови за психолошки тестирања, водење на евиденција за спроведените тестирања со заштита на тајноста на податоците;
22. Вршење психолошка процена на личности и способности при издавање на прво лекарско уверение, а по потреба и при продолжување, како и при одобрување на вонреден преглед на барање на која било воздухопловна организација-институција;
23. Континуирано следење на психолошко – менталната состојба – здравје на носители на лекарски уверенија;
24. Учество на вработените во работни групи и комисии;
25. Учество во планирање/спроведување на позитивни законски прописи од областа на безбедност и здравје при работа;
26. Учество во планирање/спроведување на позитивни законски прописи од областа на управување со отпад;
27. Континуирана медицинска едукација согласно позитивните законски прописи од Министерство за здравство;
28. Континуирана медицинска едукација согласно позитивните законски прописи/препораки на EASA/ICAO;
29. Учество во работни тела на EASA – MEG (Medical Expert Group) и во CMO (Chief Medical Officer) Forum;
30. Инсталирање и отпочнување на примена на софтвер за воздухопловна медицина, заради исполнување на позитивните законски прописи/препораки на РМ ICAO/EASA/EUROCONTROL/ESAM/ECAM/ECAC;
31. Спроведување на работни процеси на Отсек за воздухопловна медицина согласно Системот за квалитет ISO 9001:2008;

32. Спроведување на мерки за политика на лекарска доверливост/дискреција кај воздухопловната индустрија во РСМ;
33. Координирање на меѓународниот воздухопловен одговор на јавноста за ризиците по здравјето, како што е пандемијата, е клучна улога за Меѓународна организација за цивилно воздухопловство.

**10.4.2 CAPSCA**

Со помош на CAPSCA (колаборативен аранжман за Превенција и управување со настани од јавното здравство во цивилното воздухопловство) меѓународни, регионални, национални и локални организации ги комбинираат напорите и развиваат координиран пристап.

Цели :

1. Јавна здравствена заштита на јавноста, воздухопловните и воздухопловните работници.
2. Помош на државите / териториите да воспостават планови за подготвеност за национално воздухопловство и придржување кон член 14 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство;
3. усогласеност со поврзаните SARPS на ICAO (Анекси 6, 9, 11 и 14) и процедури (PANS / ATM); усогласеност со регулативите на СЗО МЗП (2005); и имплементација на упатствата на ICAO, WHO, ACI и IATA.
4. Соработка меѓу органите за цивилно воздухопловство, органите за јавно здравје, аеродромите, службите за воздушен сообраќај и авиокомпании.
5.Регионална соработка меѓу државите и териториите - механизам за здружување и споделување експертиза и ресурси.
6.Обука на оценувачи на аеродроми, проценка на аеродромите, развој на основни капацитети и обезбедување на совети за државите и териториите.
7. Понатамошен развој и подобрување на насоките за воздухопловниот сектор.

## XI. СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ РАБОТИ

Секторот за меѓународно-правни работи, во претстојната 2024 година, ќе се посвети на реализација на следните активности од делокругот на своето работење:

**11.1 Обврски кои произлегуваат од членството во Меѓународни организации и ратификувани Конвенции и Меѓународни договори**

Република Северна Македонија е членка на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO), Европската конференција за цивилно воздухопловство (ECAC), Европската организација за безбедност на воздухопловната навигација (EUROCONTROL) и Заедничките власти за изготвување регулативи за беспилотни летала (JARUS).

Агенцијата како национална воздухопловна власт има статус на набљудувач во EASA која е агенција на Европската унија надлежна за безбедноста во воздушниот сообраќај. Членството во меѓународните организации од областа на

воздухопловството и ратификуваните конвенции и меѓународни договори налагаат Агенцијата да го организира своето работење согласно стандардите и препорачаните практики на тие организации.

Исто така, обврска за Агенцијата е во текот на 2024 година да преземе активности за затворање на забелешките содржани во извештаите на ICAO за оценската мисија спроведена во рамките на Универзалната програма за контрола на надзорот на безбедноста (ICAO USOAP), Универзалната програма за контрола на обезбедувањето (ICAO USAP), како и забелешките кои произлегуваат од извештаите на Европската унија за спроведување на Мултилатералната спогодба за Европска заедничка воздухопловна област (во понатамошниот текст: Спогодбата за ЕЗВО) и од Агенцијата на Европската унија за безбедност во воздухопловството (EASA). Дополнително, обврска на Агенцијата во 2024 година ќе биде и исполнување на обврските содржани во работните договори на EASA согласно кои е преземена обврска да се применуваат сите директиви, регулативи и стандарди во поглед на безбедноста во воздушниот транспорт.

Со цел да се исполни горенаведеното, потребно е да се усогласи националната правна рамка со најновите меѓународни стандарди и препорачани практики во областа на воздухопловството, да се спроведе обука за вработените во Агенцијата, да се обезбеди вршењето на иницијален и континуиран надзор со цел да се осигура правилната имплементација на преземените меѓународни стандарди и препорачани практики и да се обезбеди издавање на оперативни директиви за воочени слабости во поглед на безбедноста или обезбедувањето од дејствија на незаконско постапување.

**11.2 Меѓународни активности**

Агенцијата во текот на 2024 година, преку својата програма за работа и развој планира понатамошен развој и унапредување на соработката со другите воздухопловни власти преку склучување на меморандуми за соработка.

Агенцијата, ќе продолжи со своите меѓународни активности поврзани со активно учество на меѓународни конференции и состаноци во организација на меѓународните воздухопловни организации ICAO, ECAC, Европската унија, EASA и EUROCONTROL.

Агенцијата, ќе асистира на Министерството за транспорт и врски при иницирањето на постапката за склучување или пристапување кон меѓународни договори од областа на воздухопловството и ќе презема соодветни активности кога за тоа ќе биде овластена од Владата на Република Северна Македонија.

Во таа насока се очекува да се води постапка за преговори за склучување на билатерални спогодби со Султанатот Оман, Руанда, Мароко, Народна Република Кина и Државата Кувајт и да се потпише Спогодба за воздушен сообраќај со Чиле.

Исто така, Агенцијата преку Одделението за меѓународни работи дава стручно мислење во однос на сите иницијативи покренати од Министерството за транспорт и врски во однос на мултилатерални спогодби, протоколи и конвенции односно: прифаќање на Кејптаун Конвенцијата за мобилна опрема и Кејптаун Протоколот за опрема во воздухопловот како и прифаќање, односно потпишување на Конвенцијата на Секретаријатот на ECAC.

Понатаму, планираме да станеме дел од ротационите групи на ECAC заради учество во Советот на ICAO, преку покренување иницијатива за членство во некоја

од постоечките групи или формирање на нова ротациона група со државите од регионот.

Дополнително, во текот на 2024 година се планира да се отпочне со реализацијата на проектот COSPA/CISRO организиран од страна на ICAO EUR/NAT, а кој има за цел да и се помогне на Република Северна Македонија во изготвувањето на Стратешки акционен план и помош во идентификувањето и имлементацијата на активности во областа на безбедноста и воздухопловната навигација.

COSPA би вклучувал не само елементи поврзани со воздухопловната навигација, туку и повеќе стратешки елементи, обезбедувајќи анализа и логична рамка што овозможува активностите за поддршка на имплементацијата да се поврзат со пошироките национални развојни цели на државата.

COSPA би содржел:

а) анализа на состојбата на државата *vis-a-vis* нејзините национални развојни приоритети;
б) анализа на состојбата на воздухопловниот сектор во државата, вклучувајќи ја безбедноста и воздухопловната навигација;
в) матрица што покажува како активностите за поддршка на проектите за имплементација се поврзани со главните развојни цели на државата и
г) список на ризици и мерки за ублажување, како и активности за спроведување, следење и евалуација.

Од друга страна, во рамките на компонентата CISRO (Collaborative Implementation Support Roadmaps) се планира да и се помогне на Република Северна Македонија во изготвувањето на Патоказ за поддршка во имплементацијата кој ќе има за цел зајакнување на активностите за поддршка во имплементацијата, а во врска со ефективноста, ефикасноста, навременоста, одржливоста и отпорноста на воздухопловниот систем на нашата држава, како во доменот на надзорот и управувањето со безбедноста, така и во врска со испитувањето на воздухопловните несреќи и инциденти.

Што се однесува на различноста и инклузивноста во воздухопловство, Агенцијата за цивилно воздухопловство за прв пат планира да се вклучи во реализацијата на оваа иницијатива и во текот на 2024 година планира да организира кампања за да се излезе во пресрет на лицата со аутизам или други неуролошки проблеми знаејќи дека тие имаат специфични потреби кога станува збор за патувањето.

### 11.3 Одобрување на летови

Агенцијата, ќе ги преземе потребните активности за одобрување на летниот ред на летање за 2024 и зимскиот ред на летање за 2024/2025 година.

Агенцијата во текот на 2024 ќе продолжи да постапува согласно член 26 од Законот за воздухопловство во поглед на издавање на одобренија за летање за редовен и нередовен воздушен сообраќај, како и летови од генерална авијација согласно ратификуваните меѓународни договори и Уредбата за посебни услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање на цивилни и државни воздухоплови

("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 264/21) со исклучок на летовите кои се либерализирани согласно Спогодбата за ЕВЗО.

**11.4 Изготвување на законски и подзаконски прописи од областа на воздухопловството – транспонирање на меѓународните воздухопловни стандарди**

Република Северна Македонија ја потпиша и ратификува Спогодбата за воспоставување на Европска заедничка воздухопловна област-ЕЗВО. Оваа спогодба ги обврзува земјите потписнички во националните законодавни системи да транспонираат листа на регулативи и директиви на ЕУ кои се приоритетни како за развојот на воздухопловството, така и за континуирано подигнување на нивото н безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имплементацијата на ефикасна и усогласена регулатива ќе биде клучен фактор кој ќе треба да обезбеди дека Агенцијата во соработка со институциите кои ги регулира ќе може да ги задоволи меѓународните стандарди и препорачани практики во воздухопловството.

Имајќи го предвид горенаведеното, посебен предизвик за Агенцијата во текот на 2024 година претставува процесот на усогласување на домашната регулатива со ревидираните и/или новите ЕУ прописи и со усвоените стандарди и препорачани практики на ICAO, ECAC, EUROCONTROL и другите воздухопловни организации и секако, обезбедување на нивната имплементација. Овие процеси се сложени и опфаќаат низа на активности како што се: изработка на преводи на меѓународните воздухопловни стандарди, изработка на законските и подзаконските акти, создавање на база на податоци, обрасци и слично, оспособување на кадрите на Агенцијата, информирање на индустријата и така натаму.

Дополнително на тоа, областите за кои не постојат меѓународни стандарди и препорачани практики ќе треба да се регулираат на национално ниво. Во таа смисла, покрај планираните измени на постојните подзаконски акти, се планира во текот на 2024 година да се изготват односно, да учествува во постапката на изготвување на следните подзаконски акти:

1. Правилник за летачки операции со балони
рок: втора половина на 2024 година

2. Правилник за летачки операции со едрилици
рок: втора половина на 2024 година

3. Правилник за изградба на аеродроми и препреки
рок: крај на 2024 година

4. Правилник за одржување, обележување, противпожарство и постапка за стекнување на уверение за исполнување на условите за безбедно користење на аеродром
рок: крај на 2024 година

5. Правилник за воздухоплови без екипаж
рок: прва половина на 2024 година

6. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на воздухоплови
рок: крај на 2024 година

7. Правилник за проектирање, производство и пловидбеност на воздухоплови
рок: крај на 2024 година

8. Правилник за условите за безбедност на воздушниот сообраќај за клористење на тереннаод 2024 година

9. Правилник за постапки, процедури и минимални услови за безбедно полетување и слетивање на цивилн воздухоплови
рок: крај на прва половина на 2024 година

10. Национална програма за обука за обезбедување во цивилното воздухопловство
рок: крај на прва половина на 2024 година

11. Националан програма за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај
рок: крај на втора половина на 2024 година

**11.5 Заштита на права на патници**

Една од надлежностите на Агенцијата за цивилно воздухопловство е да обезбеди заштита на правата на патниците во воздушниот сообраќај. Оваа надлежност директно е поврзана со обврската за транспонирање и имплементација на ЕУ Регулативата 261/2004 која е преземена согласно мултилатералната спогодба за Европска заедничка воздухопловна област. Во таа смисла, Агенцијата за цивилно воздухопловство настапува во случаите кои се иницирани пред неа по пријави од патници, а се однесуваат на доцнење, откажување или одбиен влез на патник во воздухоплов.

Исто така, Секторот за меѓународно-правни работи ќе продолжи со редовните инспекциски надзори над авиокомпаниите или од нив овластените правни лица, во однос на почитувањето на прописите за заштита на правата на патниците. Во таа смисла се планирани надзорни активности како на аеродромот во Скопје, така и на аеродромот во Охрид.

Во насока на запознавање на пошироката јавност која го користи воздушниот превоз со правата кои произлегуваат од ЕУ Регулативата 261/2004, Секторот за меѓународно-правни работи планира да организира TAIEX работилница на регионално ниво. Целта на работилницата е учесниците да се запознаат со надлежностите на воздухопловните власти во однос на интерпретацијата и имплементацијата на претходно наведената ЕУ Регулатива, како и на соодветните пресуди на Европскиот суд на правдата, а сето тоа преку размена на искуства и знаења на учесниците од регионот кои работат на оваа проблематика.

Дополнително, се планира да се организираат работни состаноци со претставниците на авиокомпаниите заради појаснување на правната рамка која постои во Република Северна Македонија за заштита на правата на патниците во воздушниот сообраќај, како и во однос на надзорните активности и мерки на АЦВ.

**11.6 Преводи, ревизии и кореcподенција**

**Преводи**

Секторот за меѓународно-правни работи врши преводи на прописи, документи, меѓународните воздухопловни стандарди и изработка и создавање на база на податоци.

Секторот за меѓународно-правни работи ќе продолжи со редовните активности поврзани со превод и ревизија на ЕУ регулативите и директивите, со цел подготовка на националните подзаконски акти, како и со превод на националните прописи и други документи на англиски јазик.

**Кореспонденција**

Одделението за меѓународни работи ќе продолжи со редовните активности поврзани со меѓународна кореспонденција како со воздухопловните власти во другите држави, така и со меѓународните организации.

Исто така, Одделението за меѓународни работи во текот на 2024 година ќе продолжи со ажурирање на Библиотеката со стручна литература и архивирање на документите на ICAO и Службените весници на Република Северна Македонија.

## XII. СЕКТОР ЗА АЕРОДРОМИ И ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА

Во областа на аеродроми се предвидуваат следните активности и обем на работи за 2024 година:

- Сертификација на аеродроми, леталишта и терени
- Инспекциски надзор на градежната инфраструктура на аеродромите, леталиштата и терените во РСМ;
- Регистрација на аеродроми и леталишта и евиденција на терени
- Издавање на согласности со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај
- Издавање на податоци, информации и мислења за изработка на урбанистичко плански и проектни документации во електронскиот системот е-Урбанизам
- Евиденција и надзор на препреки во воздухопловството
- Други активности

**12.1 Сертификација на аеродроми, леталишта и терени**

Во тек на месец Јуни 2024 година се предвидуваат активности за продолжување на уверението за спортскиот аеродром Прилеп, за сите останати аеродроми во 2023година важноста на издадените уверенија е продолжена до 2025 година.

**12.2 Инспекциски надзор на градежна инфраструктура на аеродроми, леталишта и терени**

Инспекцискиот надзор на аеродромите, леталиштата и терените се врши со цел одржување на издадените сертификати како и редовно следење на состојбата на

инфраструктурата заради обезбедување на услови за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај преку редовни, вонредни и повторни инспекциски надзори.

*Воздухопловни пристаништа:*
Во тек на 2024 година се планира реализација на 5 редовни инспекциски надзори на воздухопловните пристаништа во Скопје и Охрид, со цел постигнување на принципот од двегодишна ротација на сите области, како и повремени вонредни–ненајавени инспекциски надзори.
Со наведените инспекциски надзори се планира да се опфатат следните области на воздухопловните пристаништа во Скопје и Охрид:

- физички карактеристики;
- визуелни средства – светла, знаци ни ознаки;
- електрични системи;
- опрема и инсталации;
- реализација на планот за тековно и инвестиционо одржување за 2024 г.

*Спортски аеродроми и леталишта:*
На спортските аеродроми се планира реализација на вкупно 7 редовни инспекциски и тоа по еден редовен инспекциски надзор на спортските аеродроми во Скопје, Куманово, Битола и Штип, како и на леталиштата Логоварди и Пеширово, и еден сертификационен на спортскиот аеродром Прилеп.
*Терени*
Инспекциски надзор и одобрување на терени за хеликоптери ќе се вршат по потреба, доставено барање или пријава.

**12.3 Регистрација на аеродроми и леталишта и евиденција на терени**

За 2024 година не е најавено регистрирање на нов аеродром, леталиште или терен од страна на субјекти на воздухопловната индустрија.
Доколку се пријават или со инспекциски надзори се утврдат промени кои се однесуваат на податоците во Регистерот на аеродроми и леталишта и податоците во Евиденцијата на терени, истите редовно ќе бидат ажурирани согласно Правилникот.

**12.4 Издавање на согласности со услови за градба на објекти и планови од аспект на безбедност на воздушниот сообраќај**

Издавањето на согласности со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај е редовна активност на одделението за аеродромска инфраструктура, и зависи од динамиката на доставување на барања за изградба или поставување на објекти во и вон зона на аеродромите и леталиштата кои можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај, како и за усвојување на соодветни урбанистичко - плански и проектни документации во рамки на заштитните зони на аеродромите и леталиштата.

**12.5 Е – Урбанизам**

Од 2015 година воспоставен е електронски систем за следење на изработка и донесувањето на урбанистичко плански и проектни документации, во кој Агенцијата за цивилно воздухопловство учествува со давање на податоци, информации и

мислења за изработка на истите, а со цел заштита на аеродромите од неконтролирана урбанизација.

Оваа задача е редовна активност на одделението за аеродромска инфраструктура во текот на целата година, а обемот на работите зависи од динамиката на поставување на соодветните документации во системот на е-урбанизам. Како за споредба, во текот на 2019 година имаше вкупно 694 предмети, во текот на 2020 година – 823, во 2021 година – 1093, во 31.10.2022 година – 1.199, додека до 24.10.2023. решени се 1.411 предмети.

**12.6 Надзор на препреки во воздухопловството**

Во Регистарот на препреки, кој е воспоставен во Агенцијата за цивилно воздухопловство, евидентирани се 617 објекти од кои 95 објекти не ги исполнуваат пропишаните услови, 58 објекти се водат како неизградени, односно предмет на инспекциски надзор се вкупно 464 препреки.

Заклучно со Декември 2018 година завршено е во потполност спроведувањето на иницијалните надзори, а во текот на 2024 година се планира инспекциските надзори да се извршуваат по случаен избор и по потреба, како вонредни, повторни или по пријава од воздухопловни и други субјекти.

## 12.7 АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ

Одделението за аеродромски услуги во делокругот на своето работење ги врши следните активности:

- Сертификација на аеродроми,
- Одобрување на аеродромски услуги,
- Одобрување на организации/центри за обука на друг стручен персонал,
- Одобрување на аеродромски програми за олеснување,
- Континуиран инспекциски надзор:
- на аеродроми,
- на аеродромски служби и услуги,
- Систем за управување со безбедноста на аеродромот
- Заштита на правата на патници со намалена подвижност и
- организации/центри за обука на друг стручен персонал
- Евиденција на организации/центри за обука на друг стручен персонал
- Евиденција на даватели на земски услуги,
- Организација на активностите за олеснување на национално ниво (Национален Комитет за олеснување)
- Други активности

**12.7.1 Одобрување на аеродромски услуги и одобрување на организација/центар за обука**

Во текот на 2024 година се планира продолжување на Одобрението на ЕКС ФИС Македонија за давање на услуги на аеродром - снабдување на воздухоплови со гориво и мазиво.

Исто така во текот на 2024 се планира продолжување на Уверението на Макпетрол АД како организација/центар за вршење на обука на Персонал за опслужување на воздухоплови со гориво и мазиво.

**12.7.2 Инспекциски надзори на аеродромски служби и услуги**

Инспекцискиот надзор на аеродромските служби и услуги се врши со цел одржување на издадените Уверенија и Одобренија, како и редовно следење на состојбата на давањето на услугите заради обезбедување на услови за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај преку редовни, вонредни и повторни инспекциски надзори.

Во текот на 2024 година се планира да бидат извршени 20 пообемни и посеопфатни редовни инспекциски надзори на воздухопловните пристаништа, односно по 10 на двете воздухопловни пристаништа.

Со наведените 20 инспекциски надзори се планираат вкупно 20 тематски инспекции (по 10 на двете воздухопловни пристаништа во Скопје и Охрид), односно ќе бидат опфатени следните области:

-PRM) persons with reduce mobility – лица со намалена подвижност
-Passenger handling -п/о на патници
-Ramp handling -п/о воздухоплов
-Emerge. Plan.–План за вонредни сос.
-Bird strike - удар со птици
-Fuel supply-Опсл. со гориво
-firefighting-ППЗ
-Winter service- Зимска служба
-apron management- управување со платформа
- Систем за управување со безбедноста

Покрај редовните и планираните инспекциски надзори ќе се спроведуваат и вонредни инспекциски надзори како и надзори по пријава или по барање на претпоставените органи во АЦВ, доколку има потреба.

**12.8 Други активности**

Од страна на одделението за Аеродромски услуги ќе се преземат следните активности:

1. Континуирано следење и мерење на безбедносните перформанси на нашиот воздухопловен систем преку безбедносни индикатори утврдени во Националната програма за безбедност,

а) Безбедносен надзор на СМС на аеродромскиот оператор - континуирано,

б) Евиденција на пријавените настани поврзани со националните индикатори за аеродромскиот оператор, нивно следење и мерење – континуирано,

2. Охрабрување на персоналот во воздухопловството да пријавува настани со цел собирање безбедносни информации, анализа и размена меѓу субјекти на воздухопловната индустрија, со цел овие информации да се користат само за целите на унапредување на безбедноста.

а) Семинар/работилница за пријавување на настани во воздухопловството, со аеродромскиот оператор и давателите на земски услуги.

3. Промовирање на принципите на „праведна култура“ во индустријата,

а) Упатство за имплементација на СМС кај аеродромскиот оператор – 2024

б) Анкетирање на оперативниот персонал на аеродромскиот оператор – континуирано,

в) Обука/Состанок со оперативниот персонал и со менаџментот, одделно. За проценка на постоечката праведна култура, со цел за нејзино унапредување.

4. Имплементација на ЕУ Директива 96/67 за либерализација на пазарот за давање земски услуги

а) Упатство за одобрение за вршење на услуги на аеродром – ажурирање,

б) Процедура за издавање, продолжување, обновување, проширување и повлекување на одобрение за земски услуги – 2024

в) Евиденција на даватели на земски услуги – континуирано,

5. Олеснување во воздухопловството,

а) Уредба за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство - континуирано,

б) Национална програма за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај - континуирано,

6. Преземање на мерки за зголемена соработка на субјектите - учесници во цивилното воздухопловство со цел олеснување на движење на луѓе и стока по воздушен пат

а) Национален комитет за олеснување – редовен,

7. Континуирана заштита и унапредување на правата на патници со намалена подвижност,

а) Упатство за заштита на правата на патници со намалена подвижност – 2024

б) Образец - Поднесување на жалба- 2024

в) Процедура за постапување по жалби – 2024

г) Информации на веб страната на АЦВ за правата на патници со намалена подвижност кога патуваат по воздушен пат и нивна заштита – континуирано,

ѓ) Надзор - континуирано

**12.9 Учество во работни групи, комисии и слично**

Одделението за аеродромски услуги ќе учествува во работата на меѓународни работни групи и состаноци на ЕКАК, ИКАО и EASA, Национален комитет за олеснување, како и во комисии, работни групи и други активности од надлежноста на Агенцијата за цивилно воздухопловство, како и стручна соработка и координација со Одделението за воздухопловно право и меѓународни работи во подготовка на новите прописи со кои се регулира областа аеродроми.

## 12.10 АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА

Активностите и задачите кои се извршуваат од областа на воздухопловната навигација произлегуваат и се пропишани во Законот за воздухопловство на Агенцијата за цивилно воздухопловство а воедно и од подзаконските акти кои се донесени во Агенцијата за цивилно воздухопловство, правилници, регулативи и уредби кои се однесуваат на начинот на давање на услуги на воздухопловна

навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење.

Врз основ на донесените законски и подзаконски акти Одделението за воздухопловна навигација извршува инспекциски надзори за проверка над исполнетост на условите, како и општите услови на давателот на услуги во воздухопловна навигација преку овластени инспектори од „Одделението" во соработка со потребни експерти/инспектори од други одделенија во Агенцијата за цивилно воздухопловство од одредени области. Овие активности се извршуваат во континуитет преку цела година. Предвидени се редовни инспекции, follow up и ad hoc.

Предмет на инспекциските надзори е работењето на давателот на услуги на воздухопловна навигација кои ги опфаќа следниве области: АТМ услуги и тоа: контрола на летање, информирање во лет, тревожење, регулирање на проток на воздушен сообраќај, организација на воздушен простор, мрежни функции, услуги на воздухопловно информирање, метеоролошки услуги, постапување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите, опремата за давање на услуги на воздухопловна навигација, водење на евиденција, собирање, обработка и проследување на податоци кои се користат за наплата на надоместоци од услугите на воздухопловна навигација, изготвување и редовно ажурирање на Зборникот за воздухопловни информации и обука на ANS персонал.

Надзор над тековното исполнување/придржување на условите, како и општите услови на давателот на услуги во воздухопловна навигација кој Агенцијата го врши преку редовен инспекциски надзор според планот и програмата на одделението за воздухопловна навигација во делот на:

а) техничка и оперативна стручност и оспособеност,

б) организациона структура и управување,

в) систем за управување со безбедноста

г) услови за постигнување, обезбедување и подобрување на безбедноста,

д) безбедносни услови за проценување и ублажување на ризици по однос на измените,

ѓ) услови за давање на услуги на контролата на летање (работни методи и оперативни процедури),

е) услови за безбедност за инженерскиот и техничкиот персонал кои вршат должности поврзани со оперативната безбедност (работни методи и оперативни процедури),

ж) услови за давање на метеоролошки услуги во воздухопловството (работни методи и оперативни процедури),

з) услови за обезбедување на услуги за воздухопловни информации (работни методи и оперативни процедури) и

ѕ) услови за давање на комуникациски, навигациски и надзорни услуги (работни методи и оперативни процедури).

Овие активности се реализираат во текот на целата година за кои Одделението изготвува годишен план за инспекциски надзор за тековната година кој по потреба зависно од дополнителните активности и мерки кои се преземаат од Одделението за воздухопловна навигација се ажурира во тековната година.

Одделението за воздухопловна навигација преку редовни и вонредни инспекциски надзори разгледување, постапување и архивирање по основ на добиените безбедносни настани од страна на давателот на услуги во воздухопловна

навигација. Одделението за воздухопловна навигација преку вонредни инспекциски надзори ги извршува овие активности во текот на цела година.

Разгледување, постапување и одобрување на добиените безбедносни проценки за проценување и ублажување на ризици по однос на измените кај давателот на услуги во воздухопловна навигација. ги извршува овие активности во текот на цела година.

Разгледување, постапување, одобрување и ажурирање на измените во воздухопловниот зборник AIP добиени од страна на давателот на услуги во воздухопловна навигација. Овие активности се извршуваат во текот на целата година.

Управни постапки кои произлегуваат од работењето на давателот на услуги на воздухопловна навигација за подобрување на безбедноста во однос на измените на работните методи и оперативните процедури во одделението за безбедност, секторот на контролата на летање (ATCO,FD,AIS,MET,FLOW,RCO), сектор за техника (CNS). Овие активности се извршуваат во текот на целата година.

Имплементација на новите директиви и регулативи за изготвување на прирачници, процедури за работењето на одделението на воздухопловна навигација и поддршка и заедничка соработка за надзор над давателот на услуги во воздухопловна навигација. Овие активности се извршуваат во текот на целата година. Активности со EASA во делот на ATM/ANS за стандардизација.

Имплементација на новите транспонирани регулативи на Европската комисија што подразбира подготовка на процедури и чек листи. Овие активности ќе се извршуваат во текот на целата година.

- Имплементација на ЕУ Регулативата 373/2017
- Во текот на следната година планирана е сертификација на М - НАВ АД Скопје
- Активности поврзани со Twining проектот со експертите од Република Хрватска
- Одобрување на нов АТМ систем за оперативно користење на М - НАВ АД Скопје

Агенцијата за цивилно воздухопловство треба во идниот период да одобри нов АТМ систем за оперативно користење, проект на М НАВ АД Скопје. Од тие причини, ќе се спроведат низа активности со домашни и странски експерти кои ќе треба преку консултантски услуги да обезбедат проверка на документацијата, која се однесува на постапките, процесите, имплементацијата на системот и подсистемите, од аспект на негова функционалност и безбедност. Овие активности ќе се извршуваат преку целата година.

Активности поврзани со ICAO USOAP. Овие активности ќе се извршуваат преку целата година.

Активности со EUROCONTROL – Support to states како и активности поврзани со LSSIP. Овие активности ќе се извршуваат преку целата година.

## 12.11 АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ПОТРАГА И СПАСУВАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ НА ИНЦИДЕНТИ И НАСТАНИ

Одделението за потрага и спасување и истражување на инциденти и настани во текот на 2024 година ќе ги извршува следните активности поврзани со надлежностите на одделението:

**12.11.1 Активности поврзани со припремата за имплементација на новиот Закон за воздухопловство**

Во 2024 година се очекува да се донесе новиот Закон за воздухопловство. Со неговото донесување се менува делувањето и функционирањето на Одделението за САР и истражување на инциденти и настани. Планирани активности во делот на имплементацијата на новиот закон се приперемите околу новите надлежности кои се во делот на надзорот на RCC и субјектите кои се дел од САР системот.

**12.11.2 Активности поврзани со функционирање на системот за потрага и спасување**

Република Северна Македонија е одговорна за организација и подготовка на САР системот согласно преземените обврски од Анекс 12 и согласно постоечкиот Закон за воздухопловство. Во текот на 2024 година планирани се активности кои се поврзани со функционалноста на САР системот и меѓусебна комуникација со сите чинители кои се вклучени во системот за САР.

Планираните активности се:

- учество на редовните состаноци на Координативниот центар за спасување;
- одржување на комуникациски врски со ITMCC од сателитскиот систем Cospas-Sarsat;
- комуникациски проверки преку поединечните функционални системи на субјектите во SAR системот;
- тековно ажурирање на Оперативниот план на RCC и Зборникот на воздухопловни информации на РМ од областа на SAR;
- редовни состаноци на Координативниот центар за спасување;
- одржување месечни комуникациски врски со ITMCC Бари, Италија.

**12.12 Во делот на вежбовни активности се планираат:**

- комуникациски вежби на RCC со примарните SAR субјектите (шестмесечно)
- комуникациски тест/проверка со соседните RCC (шестмесечно)
- комуникациски тест/проверка со секундарните SAR субјекти (годишна)
- cospas sarsat тест/проверка (месечно)

**12.13 Подготовка и усогласување на сите документи, процедури, формулари, листи и упатства согласно Интегрираниот прирачник за квалитет на Агенцијата.**

До крајот на 2024 година Одделението целосно ќе се усогласи со новиот систем на кодирање во согласност Интегрираниот прирачник за квалитет на Агенцијата. Измена и дополнување на оперативниот прирачник врз основа на одобрените процедури за работа и документите кои произлегуваат од домашното и меѓународното законодавство, а се однесуваат на надлежностите и делувањето на Одделението.

**12.14 Активности поврзани со „Уредбата за принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивното пријавување, како и формата, содржината, начинот**

**на водење на евиденцијата и начинот на издавањето и одземањето на службената легитимација на истражителите " Сл.весник на РСМ 67/2023**

Со стапување на сила на новата Уредба во која се пропишани принципите по кои се води истражувањето на несреќи, сериозни инциденти, инциденти и настани на цивилни и државни воздухоплови, начинот на нивно пријавување, како и формата, содржината, начинот на водење на евиденцијата и начинот на издавање и одземањето на службената лигитимација на истражителите. Во однос на спроведувањето и имплементацијата на Уредбата во текот на 2024 година планирани се активности во однос на примената на самата уредба од страна на субјектите на воздухопловната индустрија, континуирано следење на имплементација, како и постапувањето по уредбата во однос на обврските кои произлегуваат од истата а се однесуваат на субјектите на воздухоплоната индустрија кои се одобрени и сертифицирани од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Промовирање на културата на правичност и нејзина доследна примена од страна на субјектите ќе биде еден од главните предизвици особено во делот на охрабрување на лицата и организациите кои треба да постапуваат по новата Уредба во делот на пријавувањето на настани според системите за задолжително и доброволно пријавување.

**12.15 ECCAIRS- European Coordination Centre for Accident and Incident Reporting Systems**

ECCAIRS или Европски координативен центар за системот за известување на воздухопловни несреќи и инциденти е дигитална платформа која ги интегрира националните воздухопловни власти со органите за безбедносна истрага. Со помош на оваа дигитална платформа Агенцијата за цивилно воздухопловство ги собира, споделува и анализира безбедносните информации кои ги поседува се со цел да ја подорби воздухопловната безбедност. Од 2021 година ECCAIRS 2 е достапен само за земјите членки на ЕУ, очекуваме да стане достапна за останатите земји кои не се членки на ЕУ во 2024 година. За пристап до оваа платформа Агенцијата за цивилно воздухопловство ќе треба да потпише договор со EASA и да избере еден од пакетите кои ќе и бидат предложени за кориснички пристап.

**12.16 Активности поврзани со пријавување на безбедносни настани**

- креирање на база на пријавени настани
- складирање, заштита и дистрибуција
- анализа на пријавани настани
- анализа на доставени извештаи од настани

**12.17 Учество во Твининг програмата кој се реализира со помош на Хрватската агенција за цивилно воздухопловство во делот на пријавување на настани во цивилното воздухопловство.**

Во текот на 2024 година во план е учество во твининг програамата која ќе се реализира со помош на Хрватската агенција за цивилно воздухопловство. Во

почетокот на 2024 година планирана е посета на стручни лица од Хрватската агенција за цивилно воздухопловство.

Планирани активности во врска со посетата се ревизија и преглед на постоечките процедури за работа на Одделението и изработка на нови согласно препораките на стручните лица кои ќе бидат вклучени во твининг програмата.

Исто така во текот на 2024 година предвидено е посета на Хрватската агенција за цивилно воздухопловство од страна на вработените во Одделението. Планирано е посетата да се искористи за запознавање со работата на Хрватската агенција за цивилно воздухопловство во делот на пријавување и анализа на настаните и последователно постапување по истите, за стекнување нови знаења и искуства поврзани со имплементација на Уредбата. Во текот на траење на програмата исто така ќе се работи на запознавање и фукционирањео на ECCAIRS 2.0 базата на податоци за пријавените настани, за која се очекува да добиеме пристап за користење во текот на 2024 година. Учеството во твининг програмата ќе биде од исклучително значење за подигнување на квалитот на работењето на Одделението и примена на искуствата кои ќе бидат пренесени од страна на стручните лица на Хрватската агенција за цивилно воздухопловство.

**Прилог број 1 – Организациона поставеност на Агенцијата за цивилно воздухопловство**

**ОРГАНОГРАМ НА АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

